САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

# ООУ„Његош“- Јурумлери, Гази Баба

за период од 2022 до2024година



Јуни, 2024 година

**До:**

**Општина Гази Баба**
**Сектор за образование**

**Предмет: Доставување на Самоевалуација за работа на ООУ ,,Његош" - Јурумлери**

Во прилог Ви ја доставуваме Самоевалуација (СеУ) за работа на ООУ "Његош"- Јурумлери , за периодот 2022 - 2024 година.

**ООУ "Његош"- Јурумлери**
**Директор**

____________________________

**Анета Цветкова**

**Прилог: Самоевалуација за работа на ООУ "Његош"- Јурумлери за периодот 2022- 2024 година.**

Врз основа на член 129 од Законот за основно образование (Службен Весник на РСМ бр. 161/2019), а согласно Статутот на ООУ "Његош"- Јурумлери, Училишниот Одбор на својата редовна седница на 28.06.2024 година ја разгледа и донесе:

**ОДЛУКА**

**За прифаќање на Извештајот за Самоевалуација на работата на ООУ "Његош"- Јурумлери за периодот 2022 - 2024 година**

Согласно своите законски и статутарни права и обврски, Училишниот одбор на ООУ "Његош"- Јурумлери го разгледа и усвои Извештајот за Самоевалуација на работата на ООУ "Његош"- Јурумлери за периодот 2022 – 2024 година и го доставува на Советот на Општина Гази Баба. Со оваа одлука се задолжува директорот потребен број на примероци од Извештајот за Самоевалуација на работата на ООУ" Његош"- Јурумлери.
**Локалната самоуправа- Општина Гази Баба**

**Претседател на Училишниот Одбор**

__________________________

**Марија Спасева**

**СОДРЖИНА**


| Содржина | Страна |
|---|---|
| Пропратно писмо | 2 |
| Одлука за прифаќање на Извештај од самоевалуација | 3 |
| Содржина | 4 |
| Мисија и визија | 5 |
| Вовед | 6 |
| Фази на самоевалуација | 6 |
| Училишни тимови за самоевалуација по подрачја | 7 |
| Реализација на самоевалуацијата | 8 |
| Извештај, усвојување и објавување | 8 |
| Лична карта на училиштето | 9 |
| Подрачје 1: Планирање, настава и учење | 10 |
| Подрачје 2: Постигнувања на учениците | 41 |
| Подрачје 3:  Училишна клима и односи во училиштето | 54 |
| Подрачје 4: Управување,раководење и креирање политика | 70 |
| Определување на јаки, слаби страни на училиштето | 90 |
| Определување на приоритети за работа на  училиштето | 94 |

# Мисија и визија на основното училиште

***МИСИЈА***

***Позитивна клима, современа средина и професипоналниот развој на наставниците се клучна компонента за правилен раст и развој на учениците***

***ВИЗИЈА***

***Создаваме современа, ефикасна училишна средина, приспособена кон способностите на учениците во која се почитуваат разликите***

## Вовед

Во процесот на спроведување на самоевалуацијата беше користена целокупната евиденција и документација на училиштето, податоци од професионалните досиеја на наставниците, како и резултатите од спроведените анкетни прашалници за родители, ученици и наставници, согласно индикаторите во секое од подрачјата.

Интерното утврдување на квалитетот во ООУ „Његош"- Јурумлери реализирано е во согласност со законските, подзаконските и статутарните регулативи од областа на образованието врз основа на член 129 од Законот за основно образование (Службен Весник на РСМ бр. 161/2019), "Индикатори за квалитетот на работата на училиштата".

## Време на спроведување на самоевалуацијата

Самоевалуацијата е спроведена во периодот од две наставни години (2022г.-2024г.) согласно Законот за основно образование .

| **Структура на самоевалуацијата** | |
|---|---|
| **Прво подрачје** | Планирање, настава и учење |
| **Второ подрачје** | Постигања на учениците |
| **Трето подрачје** | Училишна клима и односи во училиштето |
| **Четврто подрачје** | Управување, раководење и креирање политики |

Самоевалуацијата на ООУ „Његош“- Јурумлери е реализирана во три фази:

- **подготвителна фаза**, во периодот од 29.03.2024- 12.05.2024 г.
- **реализација на самоевалуацијата**, во периодот од 15.05.2024-31.05.2024 год.
- **извештај, усвојување и објавување**, периодот до 30.06.2024

## Фази на самоевалуација

### Подготвителна фаза

Во подготвителната фаза беа формирани тимови за самоевалуација, определени беа водители на тимовите, за што е донесена Одлука од Наставничкиот совет и Училишниот одбор на ООУ "Његош"- Јурумлери.

**Училишни тимови за самоевалуација по подрачја**

| Планирање, настава и учење | Постигања на учениците | Училишна клима и односи во училиштето | Управување, раководење и креирање политики |
|---|---|---|---|
| **Координатор Светлана Апостоловска** | **Координатор Катерина Стефановска** | **Координатор Елена Јовановска Миливојевиќ** | **Координатор Данијела Величковска** |
| Убавка Наумовска | Стевче Здравковски | Зорица Стевковска | Ивана Анѓелески |
| Весна Митровска Дошева | Катерина Ванева | Ивана Доневска Лалевска | Даниела Павлеска |
| Флора Јусуфи | Сања Орчевска | Маја Ѓорѓиев | Монтено Максимовски |
| Тања Стојковска Јовевска | Фатмире Подграѓа | Бехар Емини | Виолета Симоновска |
| Никола Настевски | Елеонора Пешевска | Маја Јовевска | Иса Амет |
| Весна Стојковска | Мевлиде Фејзулаху | Александар Илиевски | Јана Настевска |
| Мирјана Србиновска | Марјан Орчевски | Весна Рабан | Ергин Османовски |
| Тијана Величковска Тодоровска | Стефани Илиевска | Сузана Малинова | Анета Ивановска |

Секој тим заедно со стручните соработници- психолог и педагог изработи инструменти за секое подрачје и секој од индикаторите кои се вреднуваат. Испочитувани се дополнувањата на индикаторите, а во согласност со законските измени и дополнувања. Секој од индикаторите од прирачникот „Индикатори за квалитетот на работата на училиштата“ е обработен според барањата по обем и проценка на квалитет.

Во тек на подготвителната фаза беа определени индикатори, извори на докази и беа конструирани анкети за ученици, родители и наставници кои се евалуираат, а кои се дадени во прилог на секое од подрачјата.

## Реализација на самоевалуацијата

Самоевалуацијата се реализираше според следните чекори:

- Анкетирање на ученици, родители и наставници,
- Обработка на секој вид од анкетите со процентуална анализа;
- Анализа и дескрипција на секој од бараните извори на докази по години;
- Оформување на прелиминарни извештаи за секое од подрачјата кои се евалуирани.

На заеднички состанок на водителите на тимовите беа анализрани наодите по подрачја. За секое подрачје беа дискутирани слабите, јаките страни, можностите и заканите. Беше направена споредба на реализираните активности во однос на планирањата содржани во Програмата за развој на училиштето за периодот 2022/2023- 2025/2026 год. По анализата се дефинираа слабите, јаките страни, можностите и заканите на ниво на училиште.

## Извештај, усвојување и објавување

Тимот за самоевалуација во периодот до 30.06.2024 год., направи систематизација на наодите од самоевалуацијата кои ги оформи во интегрален извештај за Самоевалуација на ООУ „Његош"- Јурумлери за периодот 2022- 2024 год. Интегралниот извештај се презентира пред Наставничкиот Совет, Советот на родители и Училишниот одбор, по што се усвои и се објавува на страната на ООУ "Његош"- Јурумлери и се доставува до Локалната самоуправа -Општина Гази Баба и ДПИ.

| **Самоевалуација на училиштето** | |
|---|---|
| **Училиште** | ООУ„Његош“- Јурумлери |
| Адреса | **Ул.2а бр.18 Јурумлери**<br>**Општина Гази Баба Скопје** |
| Телефон, е-пошта | **02 25 45 970 ; 078 441 706**<br>**negoskolonija@yahoo.com** |
| Период на подготовка на СЕУ | 2022-2024 година |
| Број на ученици во училиштето | 518 |
| Број на подрачни училишта | 0 |
| **Училишен директор** | |
| Име и презиме | Анета Цветкова |
| Потпис | |
| Датум | |
| **Одобрување од УО** | |
| Име и презиме | Марија Спасева |
| Потпис | |
| Датум | |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **1.1 Планирања на наставниците**<br>**1.2 Наставен процес**<br>**1.3 Искуства на учениците од учењето**<br>**1.4 Оценувањето како дел од наставата**<br>**1.5 Воннаставни активности и натпревари** |

**Кординатор на подрачје:**
Светлана Апостоловска
**Членови:**
Убавка Наумовска
Весна Митровка-Дошева
Флора Јусуфи
Тања Стојовска
Никола Настевски
Весна Стојковска
Мирјана Србиновска
Тијана Величковска-Тодоровска

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „ЊЕГОШ“ Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 1.1 Планирања на наставниците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| 1.Годишна програма за работа на училиштето.<br>2.годишни планирања на наставниците<br>3.записници и списоци од состаноци на стручни активи<br>4.извештаи од стручните соработници за следени планирања<br>5.извештаи од реализирани обуки<br>6.интревјуа со стручните соработници<br>7.Прашалник за наставници<br>8.МОН ,БРО. | **Поддршка и следење на планирањата на наставниците** | Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на директорот, како и од страна на БРО. Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.Наставниците посетуваат обуки, **но не се врши дисеминација на посетените обуки.**<br>-наставните планови и програми, се во согласност со донесените програмски документи од МОН и БРО<br>-наставата се реализира со планираниот фонд на наставни часови по наставните предмети<br>-во наставата се применуваат современи наставни форми,техники, методи,инструменти за следење и вреднување.<br>-наставниците ги изработуваат своите годишни програми, дневни планирања за предметите од задолжителна настава,изборни предмети,програма за деца со посебни образовни потреби,додатна и дополнителна настава,воннаставни активности и слободни ученички активности.<br>-наставните планови и програми се во електронска форма за секое одделение на ниво на училиште,во секое време се достапни на наставниците во секојдневното работење.<br>-училиштето обезбедува навремена обука на наставниците и стручните соработници за примена на современите методи и техники за планирање н наставата.<br>-од страна на стручната служба,директорот или назначеното лице се следат планирањата на наставниците, се утврдува и дава подршка за |

| | | |
|---|---|---|
| | | подобрување.<br>Годишните планирања на сите наставници се квалитетни, адаптирани на потребите на учениците и содржат дефинирани цели и инструменти за следење и вреднување. Наставниот кадар во рамките на своите можности и знаења, а во соработка со стручната служба, ги адаптира наставните планови кон потребите на учениците и тоа како кон оние кои потешко напредуваат, така и кон оние кои се надарени, користејќи интегративен пристап за содржини по различни наставни предмети и подрачја кога тоа го дозволуваат содржините. Училишниот тим се консултира и соработува со стручно лице – дефектолог, кој со својата стручна помош дава поддршка при реализацијата на наставата.<br>Во рамки на можностите се врши адаптација на наставниот материјал кон карактеристиките на локалната заедница преку изучување на поблиското и подалечното минато на заедницата, занаети, професии кои се застапени во неа, изучување на носии, предмети за секојдневна употреба, уметнички предмети, обичаи по повод верски и други празници кои се практикуваат во домот или етничката заедница на ученикот.<br>На прашалникот за наставници, поголем број наставници одговорија дека добиваат навремена обука за примена на современи методи и техники на планирање на наставата и со тоа целосно се согласуваат 51,28%, се согласуваат 35,90%, не се согласуваат 7,69%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 5,13%.<br>На прашалникот за наставници, поголем број наставници одговорија со 74,36% дека целосно се согласуваат дека директорот и стручната служба ги следат нивните планирања најмалку два пати во полугодието,се согласуваат 25,64%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/немаат информација 0 %.<br>На прашалникот за наставници, поголем број наставници одговорија дека добиваат поддршка од директорот и/или стручната служба при изготвување на планирање за нивниот наставен предмет/предмети и со тоа целосно се согласуваат 61,54%, се согласуваат 38,46%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Размена на искуства и наинформации при планирањето** | Во основното училиште се формираат и стручни активи на наставници (во одделенска настава, јазична и природно математички актив)за меѓусебна поддршка и соработка, споделување на знаењата и педагошките практики и преземање на иницијативи за подобрување на квалитетот на воспитно образовната работа на училиштето.<br>-училиштето користи повеќе начини да ги информира членовите на советот на родители, останатите родители и сите заинтересирани за заедничката соработка, преку директен пристап до е-дневникот и интрернет страната на училиштето<br>-на почетокот од учебната година,родителите преку информативен лист се запознаваат со наставната програма,бројот и фондот на часови што ги изучува нивното дете.<br>- наставниците најмалку два пати во полугодието разменуваат искуства за планирањата во рамките на стручните активи,користат стручни искуства во соработка со други училишта<br>-наставниците планирањата ги изготвуваат индивидуално<br>Поголем број наставници одговорија дека во рамките на стручните активи разменуваат искуства за планирањата на часовите , најмалку два пати во полугодието и со тоа целосно се согласуваат 53,85%, се согласуваат 43,59%, не се согласуваат 2,56%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Наставниците редовно подготвуваат планирања според динамиката на работа во паралелките каде предаваат и степенот на усвоеност на целите од учениците. Психологот во август одржува работилница со насоки за изготвување на годишните, тематско - процесните и дневните подготовки, според Упатсвото на МОН на РСМ. При подготвувањето на планирањата наставниците меѓусебно соработуваат разменувајќи искуства во однос на реализацијата на наставниот материјал, прецизирање на знаењата и вештините што треба да бидат усвоени, формите, методите и наставните средства што се користат за постигнување на целите, како и критериумите при оценувањето.<br>Наставниците соработуваат со стручната служба во врска со планирањето и прилагодувањето на наставните содржини кон |

| | | |
|---|---|---|
| | | учениците кои се со посебни образовни потреби. Училиштето има реализирано интерни обуки за работа за овие категории на ученици, но примената на знаењата во праксата треба да се унапредува.<br>Училиштето се вклучува и успешно учествува во проектите кои се промовирани од МОН и БРО на РСМ. Сите проекти се реализираат преку соработка на стручните соработници и наставниот кадар преку работилници на кои со учениците се работи на разбирање и соодветен однос кон различностите – пол, етничка припадност, социјален статус, способности, градење на самодоверба и самосвест на ученикот, разбирање на општествената реалност, стекнување на знаења и ингеренциите на институциите на системот и комуникациските вештини за лична презентација на ученикот и решавање на конфликтите кои се случуваат во секојневието на ученикот на општествено пожелен и прифатлив начин. |
| **Индикатор 1.2 Наставен процес** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| 1.Годишна програма за работа на училиштето<br>2.распоред на часови<br>3.е-дневник<br>4.педагошка евиденција и документација<br>5.списоци и извештаи од реализирани обуки<br>6.записници од состаноци на стручни активи.<br>7.Прашалници за наставници<br>8.Прашалници за | **Реализација на наставни планови и програми** | МОН, на предлог на БРО, ја утврдува Концепцијата за основно образование и воспитание, врз основа на која се донесуваат наставниот план и наставните програми за основно образование, ги утврдува националните стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование.<br>Според Годишниот извештајод учебната 2022-2023 година,учебната 2022-2023 год започнала на 01.09.2022 год. и завршила на 14.06.2023 година, при што се реализирани 180 наставни денови ( во паралелките со настава на македонски јазик и во паралелките со настава на албански јазик),согласно Законот за основно образование и измените донесени од МОН.Работни и наставни денови беа Денот на училиштето,Денот на екологијата и Денот на шегата кои се одбележаа во кругот на училиштето.Од одржаните одделенски совети, увидите во е- дневниците на наставниците се констатира дека се реализиран во целост наставните планови и програми на наставниците по наставни предмети и подрачја, слободните изборни предмети, а секако се |

| | | |
|---|---|---|
| ученици,родители/старатели,<br>9.извештаи од посета на наставни часови,<br>9.решенија за инклузивен тим на училиштето<br>10.изработени ИОП и модифицирани програми за учениците со посебни образовни потреби<br>11.записници од состаноци од училишните тимови за инклузија<br>12.планирања за изборни предмети<br><br>13. МОН;БРО<br>14.Годишниот извештајод учебната 2022-2023 година<br>15. Записници од Одделенски и Наставнички совети | | реализирани и додатна, дополнителна настава, слободни ученички активности.Со наставните планови и програми на наставниците по наставни предмети и подрачја како и начинот на реализацијата на наставата , беа запознаени и родителите на родителските средби одржани на 12.09.2022 год. и со електронски пораки.Среднорочните-тематски и дневни подготовки – сценарија , наставниот кадар ги изработува редовно спорд наставните планови и програми,а се доставиваат во електронска форма до стручната служба , и наставниците редовно прават рефлексии по реализирани часови и теми.Реализацијата на наставните планови и програми течеше според планирањата кои беа дадени во Годишната програма за работа во училиштето,односно тематското –процесно планирање по наставни предмети и подрачја.<br>- наставниците на почетокот од учебната година, изготвуваат годишна програма,месечни и дневни планирања, согласно законскиот рок ги доставуваат до стручната служба на училиштето<br>-наставниците изготвуваат и дневни планови во кои има и цели за децата со ПОП и ИОП во соработка со дефектологот.<br>-во распоредот на редовните часови,вметнати се и часови од додатна и дополнителна настава по секој предмет и истиот е истакнат на видно место во училиштето-на огласна табла во наставничката канцеларија.<br>-сите наставници во е-дневникот водат уредна педагошка евиденција и документација<br>-сите наставници според потребите на учениците ја планираат додатната и дополнителната настава и часовите ги запишуваат во е-дневниците на паралелката.<br>-наставните планирања ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот,редовно ги следат стручната служба и директорот<br>-наставата во одделенска и предметна настава се реализира редовно и во пропишаниот обем.<br>-во случај на отсуство на наставник(боледување и слично), наставата се одвива непречено со замена на соодветен наставен кадар.<br>Според Прашалникот за родители, поголем број родители одговорија |

| | | |
|---|---|---|
| | | дека во текот на учебната година, нивното дете ги има сите наставни часови, согласно распоредот, Целосно се согласувам одговориле 73,72%, Се согласувам 22,44%, Не се согласувам 2,56%, Воопшто не се согласувам 0,64%<br>Не знам/ Немам информација0,64%. |

| | |
|---|---|
| **Избор на наставни предмети** | Наставниот план за основното образование содржи задолжителни и изборни предмети и часови за одделенската заедница, определени со годишниот и неделниот број на часови за наставата одделно по задолжителните и изборните предмети, нивната распределба по одделенија.<br>Со наставниот план се определува и дополнителна и додатна настава, воннаставни активности и јазикот на кој се изведува наставата. Основното училиштето на месечна основа изготвува распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет и го објавува на огласна таблаНа часот на одделенската заедница се разработуваат содржини за личниот и социоемоционалниот развој на учениците според програма. Наставните планови и програми содржински се реализирани во планираниот обем.Планираните цели се реализирани во согласност со способностите и мотивацијата на учениците.ИКТ се применува редовно во наставата и поучувањето.Изборните предмети  кои се реализираа во учебната 2022-2023 год. ги избраа учениците и  нивните родители преку анкета, спроведена преку одделенија и паралелки.  Во нашето училиште се реализираше додатна , дополнителна настава, слободни ученички и воннаставни активности со цел да се задоволат специфичните потреби на учениците.Со овие видови на настава се подобрува квалитетот на постигнувањата на учениците преку индивидуализирање на поучувањето,и упатување на ученикот да користи технки на учење кои се најсоодветни за постигнување на подобри резултати.Извештаите за реализирани додатна, дополнителна настава, воннаставните активности и слободните ученички активности , секој наставник ги доставува печатени и заверени на обрасците пропишани од МОН на РСМ.<br>-училиштето реализира изборни наставни предмети за надополнување до цел фонд на наставниците со недоволен број наставни часови и е во согласност со наставните планови и програми<br>-изборот на предмети се врши според спроведени анкети<br>-учениците самостојно бираат два слободни изборни предмети во текот на една година,според нивниот интерес и потреби |

| | |
|---|---|
| | -предметите што се нудат како избор на учениците, се избрани согласно кадровските можности на училиштето.<br><br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број 42,31%целосно се согласуваат со тврдењето дека сами ги имаат избрано слободните изборни активности и предмети во кои учествуваат, според нивните интереси, 28,20%од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 9,62%не се согласуваат со тврдењето, 17,95% воопшто не се согласуваат и 1,92% од учениците за ова тврдење се изјасниле дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот на родителите , поголем број на родители одговориле Целосно се согласувам 61,54% , Се согласувам 30,77%<br>Не се согласувам 2,56%, Воопшто не се согласувам нема,<br>Не знам/ Немам информација5,13%.<br>Според Прашалникот за родители, поголем број родители одговориле дека Изборните предмети/ активности кои ги посетува нивното дете ги има избрано согласно своите интереси. Целосно се согласувам 51,28%, Се согласувам37,82% Не се согласувам 6,41% Воопшто не се согласувам 1,28 Не знам/ Немам информација 3,21%. |

| | |
|---|---|
| **Избор на задачи, активностии на ресурси** | Основното училиште за учениците од прво до трето одделение организира продолжен престој со учениците од различни одделенија, по добиена согласност од Министерството. Во продолжен престој учениците се вклучуваат во согласност со родителот, односно старателот Во продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно-уметнички, спортски и други активности, согласно со годишната програма за работа на училиштето, согласно со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и одделенија, кој го утврдува министерот, на предлог на Бирото.<br>-учениците, со помош и поддршка од училиштето и наставниците,учествуваат на различни манифестации, натпревари од различни области,што се организираат на училишно,општинско,регионално,државно и меѓународно ниво,и проекти од еколошка природа.<br>-преку учеството и активностите во организираните секции,училиштето редовно ги афирмира личните постигања на учениците и училиштето,<br>-за постигнатите резултати,учениците секогаш се пофалени и истакнати на интернет старната на училиштето, а наградените ученици се промовираат на Денот на училиштето и во извештаите по квалификациони периоди.<br>-училиштето планира и реализира ученички екскурзии и излети како вонаставна активност.<br>-сите наставници, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците.<br>-наставниците користат различни приоди и ресурси за учење и настава како:учење преку проект,учење преку игра,учење преку истражување,примена на дигитални алатки, програми итн.<br>-за учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.<br>.<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 45,51% целосно се согласуваат со тврдењето дека на часовите користат различни материјали и извори на учење (на пр. |

| | |
|---|---|
| | Енциклопедии, списанија, интернет, модели), 30,13% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 19,23% не се согласуваат со тврдењето, 3,85% воопшто не се согласуваат, а 1,28% од учениците за ова тврдење се изјасниле дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот за наставници поголем број наставници одговорија дека во наставата користат различни ресурси за учење и настава и со тоа целосно се согласуваат 61,54%, се согласуваат 35,90%, не се согласуваат 2,56%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Поголем број наставници одговорија дека во наставата користат приоди кои поттикнуваат истражување и решавање проблеми и со тоа целосно се согласуваат 56,41%, се согласуваат 38,46%, не се согласуваат 5,13%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Поголем број наставници одговорија дека во текот на наставата , учениците можат да бираат дополнителни задачи /активности или задачи/активности по свој избор и со тоа целосно се согласуваат 53,85%, се согласуваат 43,59%, не се согласуваат 2,56%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот за родители, мал број родители одговорија дека Нивното дете во училиштето има пристап до различни материјали за учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели) и со тоа Целосно се согласувам 35,90%Се согласувам37,82% Не се согласувам 12,18%Воопшто не се согласувам5,13% Не знам/ Немам информација 8,97%. |
| **Интеракција меѓу наставниците и учениците и учениците меѓусебно** | Тимот за училишна интеграција планира и организира активности којашто има за цел интеракција, односно интеграција на етнички/јазично мешани групи учесници, балансирани групи учесници според етничката припадност, полот и возраста, интеракција меѓу учесниците од различните етнички/јазични групи (во текот на активноста учениците од едниот наставен јазик/едната етничка група соработуваат со учениците од другиот наставен јазик/другата етничка група, користење на сите застапени јазици, рамноправен третман на учесниците од сите |

| | | |
|---|---|---|
| | | етнички/јазични групи, постигнување конкретни - заеднички цели (опипливи/видливи продукти) со учество на сите застапени етнички заедници.<br>-наставниците ги вклучуваат сите ученици за време на наставните часови во наставата, самостојно да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци, за тоа што го учат<br>-за време на наставните часови, постои интеракција меѓу наставникот и ученикот и се постигнува целта на часот<br>-наставниците на наставните часови, применуваат методи и техники која овозможува интеракција помеѓу учениците<br>-трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училницата или ходникот.<br>- Наставниците поставуваат јасни очекувања во однос на постигањата и редовноста на учениците, а пофалбата најчесто се применува како мотивација за повисоки постигнувања.<br><br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 44,23% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците ја прават содржината од предметот интересна, 37,82% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 14,10% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 3,21% воопшто не се согласуваат и 0,64% од учениците за ова тврдење се изјасниле дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот за наставници поголем број наставници одговорија дека на нивните часови , учениците честопати работат на начини кои подразбираат интеракција помеѓу нив и со тоа целосно се согласуваат 69,23%, се согласуваат 25,64%, не се согласуваат 5,13%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот за наставници поголем број наставници одговорија дека ги поттикнуваат учениците да поставуваат прашања кога нешто не разбираат или сакаат да знаат повеќе и со тоа целосно се согласуваат 71,79%, се согласуваат 28,21%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%. |

| | |
|---|---|
| **Реализација на образовна инклузија** | Училишниот инклузивен тим ги осмислува и спроведува активностите на ниво на целото училиште и води грижа тие да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа.<br>Инклузивниот тим за ученикот подготвува ИОП и модифицирана наставна програма за ученикот со попреченост согласно со неговите индивидуални потенцијали и потреби.<br>За поддршка на учењето за учениците со попреченост, основното училиште обезбедува: образовен асистент.Наставата за учениците со попреченост во основните училишта се реализира според Индивидуален образовен план на наставните програми ивклучува адаптации во резултатите од учењето на наставната програма, воведување специфични активности и методи што овозможуваат постигнување на резултатите од учењето.Во училиштето работи Училишен инклузивен тим, за работа со ученици со посебни образовни потреби , во кои се вклучени : директор, специјален едукатор и рехабилитатор, психологот, одделенски наставник , предметен наставник и двајца родители.Во текот на учебната 2022-2023 година , за три ученика кои имаат наод и мислење се ангажирани образовни асистенти, кои ќе работат со нив.<br><br>-училиштето има Правилник за планирање на наставниците и стручните соработници, како и за изготвување на ИОП програми за учениците со посебни образовни потреби-ПОП.<br>-училиштето посветува особено внимание на инклузијата на децата со посебни образовни потреби-ИОП<br>-секој наставник кој во својата паралелка има ученик со пречки во развој, има изработено ИОП,и за работа со деца со посебни образовни потреби-ПОП<br>-пристапот во училиштето,просторт во ходниците и во училниците,тоалетите се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост<br>-наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со ПОП во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. |

| | |
|---|---|
| | -учениците со попреченост имаат образовен асистент<br>-наставниците успешно соработуваат со образовниот асистент,со цел за подобар интерес на ученикот.<br>Според Прашалникот за наставници, поголем број наставници одговорија дека успешно соработуваат со образовните асистенти и со тоа целосно се согласуваат 66,67%, се согласуваат 30,77%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 2,56%.<br>Според Прашалникот за родители , поголем број родители одговориле дека наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на нивното дете целосно се согласувам 61,54%, Се согласувам28,21%, Не се согласувам6,41% , Воопшто не се согласувам1,28%,Не знам/ Немам информација 2,56% |
| **Активности за меѓуетничка Интеграција во образованието** | Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници, се води грижа за застапеноста на наставниците, од сите јазици на кои се реализира наставата во училиштето. (на македонски јазик,албански јазик). Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите.. Во учебната 2022-2023 год. преку реализираните наставни содржини и активности учествуваа и ученици од сите етнички заедници ,и во реализацијата се акцентира мултиетничкиот карактер на училиштето.<br>-училиштето во Годишната програма има изработено Програма за Меѓуетничка интеграција во образованието |

| | | |
|---|---|---|
| | | -наставниците во училиштето се обучени за реализација на проектот МИО, и во содржините од секој наставен предмет имаат планирано МИО<br>-училиштето реализира активности за меѓуетничка интеграција со ученици од мешан етнички состав, но и со останати ученици<br>-активностите се реализираат во наставата, преку изработка на ликовни цртежи,музика, литература.<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 35,90% целосно се согласуваат со тврдењето дека биле вклучени во активности заедно со ученици од други култури( од нивното или од друго училиште), 36,54% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење,12,18% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 10,26% воопшто не се согласуваат, и 5,12% од учениците за ова тврдење се изјасниле дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот за наставници, поголем број наставници одговорија дека реализираат МИО(интеркултурни) активности со учениците според претходно направен план и со тоа целосно се согласуваат 58,97%, се согласуваат 38,47%, не се согласуваат 2,56 %, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот заа родители, мал број родители одговориле дека нивното дете било вклучено во активност/и реализирана со ученици кои учат на различни јазици, целосно се согласувам38,46% Се согласувам 25,64% Не се согласувам7,69% Воопшто не се согласувам 5,13%Не знам/ Немам информација23,08% |

| Индикатор 1.3 Искуства на учениците од учењето | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| 1. Прашалник за ученици; Прашалник за родители; Прашалник за наставници;<br>2. Кодекс за однесување;<br>3. Разговор со стручна служба<br>4. Увид во ученичко досиеја<br>5. Увид во евиденција на стручните соработници | **Средина и атмосфера заучење** | Преку разговори со учениците, се доаѓа до сознанија дека им се допаѓа средината и атмосферата за работа.Начинот на кој се учи во училиштето за нив е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието.Средината за учење поттикнува доволно интерес за учење во стимулативна и пријатна атмосфера. Училишниот простор е уреден со ученички трудови, постигања, информации, паноа за подучување и др. Пред училниците од одделенска настава има информативно пано за учениците и родителите.<br>Атмосфера за учење. На учениците им се допаѓа средината за учење (истото го потврдуваат и нивните родители во анкетните прашалници, но и на родителските средби и на индивидуалните разговори со родители). Тие сметаат дека начинот на кој што учат во училиште е интересен и го сакаат училиштето. Тие се задоволни како наставниците им помагаат на учениците да го подобрат своето учење и дека повторно ги обработуваат наставните содржини кои не се разбрани доволно.За време на часовите,најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат,да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Поголем број на ученици сметаат дека во училиштето учат работи кои им се корисни во животот. Постојат и се применуваат различни форми за соработка. Учениците заеднички работат на различни проекти со другите ученици, во групи и тимски.<br>Целосно се согласувам-55,13%<br>Се согласувам-31,41%<br>Не се согласувам-9,62%<br>Воопшто не се согласувам-2,56%<br>Не знам ,немам информација-1,28% |
| | **Идентификување и задоволување на различнитеобразовни потреби на учениците** | Сите наставници се трудат да ги идентификуваат различните образовни потреби на учениците и при тоа имаат поддршка од директорот и стручната служба. Идентификувањето на проблемите на учениците во текот на наставната година се следи системски. Наставниот кадар, специјалниот едукатор и рехабилитатор заедно со |

| | | |
|---|---|---|
| Прашалник за ученици; Прашалник за родители; Прашалник за наставници; Разговор со ученичката заедница, наставниците; Увид во евиденцијата на стручната служба; Дневници за одделенска и предметна настава; Годишна програма за работа на директор и педагог; Годишен извештај за работата на училиштето; | | педагогот на почетокот на учебната година ги идентификуваат и препознаваат образовните потреби и пречки во процесот на учење и преземаат активности за нивно отстранување. Во училиштето има повеќе ученици со посебни образовни потреби, како и ученици со потешкотии во учењето кои се интегрирани во редовната настава со другите ученици и за нив се изработуваат посебни програми според нивните потреби и можности за работа.<br>Се почитуваат различните потреби на учениците во наставата. Редовно се врши поттикнување на послабите ученици да учат и да го достигнат својот максимум. Најголем број од наставниците во процесот на поучување користат различни интерактивни техники со цел учениците да научат најмногу што можат. Наставниците кон сите ученици се однесуваат еднакво, независно од полот , социјалното потекло, етничка припадност. Според дел од испитаниците кога детето има потешкотии во учењето наставникот му обезбедува соодветна помош и поддршка. Голем број ученици сметаат дека наставниците им помагаат како да го подобрат своето учење и дека наставниците повторно ги обработуваат содржините кое не се разбрани добро.Во училиштето се почитуваат различните потреби на сите ученици и се реализираат во текот на наставните и воннаставните активности.Поголем дел од наставницте секогаш ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на учениците.<br>Целосно се согласувам-61,54%<br>Се согласувам-28,21%<br>Не се согласувам-6,41%<br>Воопшто не се согласувам-1,28%<br>Не знам ,немам информација-2,56% |
| **Индикатор 1.4 Оценувањето како дел од наставата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ,<br>1.Програма за работа на училиштето<br>2.распоред на додатна и дополнителна | **Училишна политика за оценување** | Стручните активи на училиштето ги усогласуваат критериумите за планирање на наставата и за оценување на постигањата на учениците, даваат предлози на наставничките совети на училиштето за подобрување на воспитно-образовната работа, разменуваат стручни искуства со цел стручно усовршување и вршат други стручни работи |

| | | |
|---|---|---|
| настава<br>3.списоци на ученици вклучени во додатна и дополнителна настава<br>4.Увид во педагошката евиденција и документација<br>6.користење инструменти за оценување<br>7.записници од стручните активи<br>8.записници од наставнички совет<br>9.Прашалник за ученици,наставници и родители.<br>10.МОН, БРО. | | определени со годишната програма за работа на училиштето.<br>Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Општиот успех на ученикот се утврдува врз основа на годишните оценки од сите предмети според наставниот план на крајот на годината, а за учениците упатени на поправен испит по завршувањето на поправните испити.<br>-наставниците ги изработуваат своите годишни програми, дневни планирања за предметите од задолжителна настава, изборни предмети,програма за деца со посебни образовни потреби-ПОП,како и дополнителна и додатна настава, вонаставни активнсти и слободни ученички активности<br>-училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување, чија основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик<br>-во училиштето постои тим за следење,анализа и подршка на наставниците при изведување на оценувањето,усогласено со националните стандарди за постигнувања<br>-усогласените критериуми,наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите<br>-учениците од 1-3 одделение се оценуваат описно, учениците од 4-6 одделение, во текот на 1,2,3 тромесечие се оценуваат описно , а во 4 тромесечие се оценуваат бројчано, а учениците од 7,8,9 одделени се оценуваат бројчано.<br>-описното оценување и оцените, наставниците ги евидентираат во е-дневникот на паралелката<br>-наставниците применуваат формативно и сумативно оценување кое е јавно и транспарентно за учениците<br>-во распоредот на редовните часови,вметнати се и часови од додатна и дополнителна настава по секој предмет и истиот е истакнат на видно место во училиштето-на огласна табла во наставничката канцеларија.<br>-сите наставници во е-дневникот на паралелката, водат уредна педагошка евиденција и документација<br>-сите наставници според потребите на учениците ја планираат додатната и дополнителната настава и часовите ги запишуваат во е-дневниците на паралелката. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -наставните планирања ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот,редовно ги следат стручната служба и директорот<br>-наставата во одделенска и предметна настава се реализира редовно и во пропишаниот обем.<br><br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив поголем број ученици 60,26% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците однапред им објаснуваат што треба да знаат за секоја оцена, 30,77% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 8,33% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 0,64% воопшто не се согласуваат со ова тврдење. Никој од учениците не се изјаснил за тврдењето дека дека не знае/нема информација.<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 47,44% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците им објаснуваат зошто добиле одредена оцена, 45,51% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 5,13% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 1,28% воопшто не се согласуваат со ова тврдење, а 0,64% се изјасниле дека не знаат/немаат информација.<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 40,38% целосно се согласуваат со тврдењето дека оценувањето на сите ученици е праведно, 30,77% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење,17,31% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 7,69% воопшто не се согласуваат со ова тврдење и 3,85% се изјасниле за тврдењето дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот за родители, поголем број родители одговорија дека Наставниците му даваат насоки на нивното дете како подобро да учи, Целосно се согласувам 60,90%, Се согласувам30,13%, Не се согласувам 4,49%Воопшто не се согласувам 2,56%, Не знам/ Немам информација1,92%. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Методи, форми и инструменти за оценување** | Со наставните програми се определуваат резултатите од учењето, основните поими, активностите и методите во наставата, стандардите за оценување на постигањата на учениците, условите за реализирање на наставната програма и нормативот за наставен кадар.. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент.<br>Примената на формативното оценување , различните форми и методи на следење и прилагодување на техниките на учење кон способностите на ученикот е застапена кај најголем број на наставници.Наставниците редовно пишуваат рефлексии по реализираните наставни часови и теми.Во текот на годината нема нереализирани часови.<br>-наставниците користат различни методи,форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците<br>-наставниците ги вклучуваат учениците во оценувањето преку-писмено и усно одговарање на поставени прашања и теми,тестови,наставни ливчиња,преку проекти,игра,истражување,дискусија,самооценување, меѓусебно оценување,водење досие за секој ученик и слично<br>-наставниците однапред им објаснуваат на учениците што треба да знаат за секоја оцена<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив поголем број ученици 60,25% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците користат различни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.), 30,77% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 3,21% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 5,13% воопшто не се согласуваат со ова тврдење и 0,64% се изјасниле за тврдењето дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот за наставници , поголем број наставници одговорија дека на учениците им даваат насоки како поуспешно да учат |

| | | |
|---|---|---|
| | | и со тоа целосно се согласуваат 79,49%, се согласуваат 20,51%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот за наставници , поголем број наставници одговорија дека применуваат различни начини на оценување на учениците и со тоа целосно се согласуваат 69,23%, се согласуваат 30,77%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот за наставници, мал број наставници одговорија дека учениците редовно ги вклучуваат во оценувањето( самооценување , меѓусебно оценување, градење критериуми и сл.) и со тоа целосно се согласуваат 43,59%, се согласуваат 51,28%, не се согласуваат 5,13%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот за родители ,поголем број родители одговориле дека наставниците го пофалуваат нивното дете за постигнатите резултати Целосно се согласувам57, 05%, Се согласувам35,90%, Не се согласувам4,49%,Воопшто не се согласувам 1,28% Не знам/ Немам информација 1,28%.<br>Според прашалникот за родители, поголемиот број родители одговорија дека Наставниците го пофалуваат моето дете за вложениот труд, Целосно се согласувам 57,69%Се согласувам35,90% Не се согласувам 4,49%Воопшто не се согласувам1,28% Не знам/ Немам информација 0,64%. |
| | **Коефициент на континуитет на успехот на учениците** | Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми.Успехот и поведението на учениците се предмет на постојана опсервација на училиштето.На крајот од учебната 2022-2023 год. во одделенска настава ,описно се оценети 332 ученика од прво до трето одделение. На крајот од учебната 2022-2023 год. во одделенска настава , бројчано се оценети 139 ученика од 4 и 5 одд.со постигнат среден успех од 3,88 , исто како и претходната учебна година.Постигнатиот успех на учениците во предметна настава е зголемен за 0,01 во однос на минатата година.Средниот успех на |

| | | |
|---|---|---|
| | | крајот на 2022-23 год.. на ниво на училиште е 3,89 и е за 0,06 повисок во однос на претходната учебна година.Во одделенска настава највисоки постигнувања на учениците има по предметот физичко и здравствено образование со 4,56 , а во предметна настава танци и ора со 4,75 постигнат успех. Најниски постигања во одделенска настава има по предметот математика со 3,42 , а во предметна настава природни науки со 3,16.Постигнатиот успех на учениците се движи во распон од +/- 0,20.<br>-успехот на учениците, изостаноците и поведението на учениците, редовно се следат од одделенските раководители и стручната служба на училиштето.<br>-за постигањата на ученикот,промени во успехот или поведението, се даваат повратни информации:<br>-усна или писмена повратна информација од наставникот за ученикот<br>-приемни денови за родителите(еднаш седмично за секој наставник)<br>-6 родителски средби<br>-месечни информации за одржување на други видови настава<br>-информативни паноа во училиштето<br>-информации пред Совет на родители<br>-информации пред Училишен одбор<br>-писмени известувања за постигањата на учениците на квалификационите периоди<br>-сведителства за завршено одделение<br>-дипломи,признанија,пофалници за ученици за учества на натпревари,<br>-издавање брошура за училиштето<br>-информации за локалната самоуправа, МОН и БРО на РСМ<br>Според Прашалникот за наставници, поголем број наставници одговорија дека редовно ги пофалуваат учениците за постигнатите резултати и со тоа целосно се согласуваат 79,49%, се согласуваат 20,51%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот за наставници , најголем број наставници одговорија дека редовно ги пофалуваат учениците за вложениот труд и со тоа целосно се согласуваат 82,05%, се согласуваат 17,95 %, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат |

| | | |
|---|---|---|
| | | информација 0%.<br>Според Прашалникот за родители, поголем број родители одговориле дека Редовно се известен/а за постигнувањата на нивното дете во училиште ( не само на полугодие и крај на година), Целосно се согласувам67,31% Се согласувам27,56% Не се согласувам 3,85%Воопшто не се согласувам1,28% Не знам/ Немам информација нема. |
| | **Користење на информациите од оценувањето во наставата** | Наставниците ги користат сите информции добиени од оценувањето, за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата<br>-сите наставници,редовно им даваат повратна информација на учениците за нивната работа, нивниот напредок и постигања, а по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 46,79% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците редовно ги известуваат за нивните постигнувања и начините за нивно подобрување, 41,03% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 7,69% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 1,92% воопшто не се согласуваат со ова тврдење и 2,57% од учениците се изјасниле за тврдењето дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот за наставници, поголем број наставници одговорија дека на учениците им кажуваат што добро научиле а што треба дополнително да научат за да ги постигнат сопствените очекувања и со тоа целосно се согласуваат 79,49%, се согласуваат 20,51%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот на наставници, најголем број наставници одговорија дека ги запознаваат учениците што треба да знаат и умеат за секоја од оценките и со тоа целосно се согласуваат 84,62%, се согласуваат 15,38%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат.<br>Според Прашалникот за родители, поголем број родители одговорија дека Ги користат можностите да разговараат со наставниците за постигањата на нивното дете. Целосно се согласувам60,90% Се согласувам 32,05%Не се согласувам 5,77%Воопшто не се согласувам |

| | | |
|---|---|---|
| | | нема, Не знам/ Немам информација 1,28%.<br>Според Прашалникот за родители, мал број родители одговорија дека Наставниците ги запознаваат со критериумите за оценување по нивниот предмет, Целосно се согласувам 48,08%, ,Се согласувам32,05% , Не се согласувам 11,54%,Воопшто не се согласувам3,21%, Не знам/ Немам информација 5,12%. |
| **Индикатор 1.5 Вонnаставни активности и натпревари** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| 1.годишна програма за работа<br>2.програми за воннаставни активности<br>3.извештај од реализирани екскурзии<br>4.педагошка евиденција и документација<br>5.дипломи,признанија, Пофалници,благодарници од учество на манифестации и натпревари<br>6.записници од стручни активи и ученичка заедница<br>7.список на ученици вклучени во воннаставни активности<br>8.увид во интернет – | **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности** | Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се определуваат со годишната програма за работа на училиштето, согласно со Концепцијата за воннаставни активности која на предлог на Бирото, ја утврдува министерот. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно. За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности. Училиштето планира и организира екскурзии, излети и други вонучилишни активности согласно со годишната програма за работа на училиштето. Начинот на изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ги утврдува министерот, на предлог на БРО.<br>Во училиштето во тек на учебната 2022-2023 год. беа планирани и реализирани следниве воннаставни активности : секции ( за проширување на знаењата по одделни прдмети), културно – уметнички слободни активности, и слободни спортски активности.<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 30,13% целосно се согласуваат со тврдењето дека во училиштето имаат избор на различни воннаставни активности (на пр.клубови,проекти, акции), 46,15% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 16,02% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 3,85% од учениците воопшто не се согласуваат со ова тврдење и 3,85% од учениците се изјасниле за тврдењето дека не знаат/немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| страницата,<br><br>9. МОН, БРО<br><br>10.Разговор со стручна служба и директор<br><br>➢ Разговор со ученици, наставници и родители<br>➢ Работа на секциите<br>➢ Програма за додатна, дополнителна настава и СУА<br>➢ Прашалници за ученици, наставници и родители. | | Според Прашалникот за родители, мал број родители целосно се согласуваат дека Училиштето нуди избор на различни вонннаставни активности (клубови, проекти и сл.) Целосно се согласувам 38,46%, Се согласувам 30, 13% Не се согласувам 12,18% Воопшто не се согласувам 8,33% Не знам/ Немам информација 10,90%. |
| | **Опфатеност на учениците одразличен пол и јазик на наставата со воннаставните активности** | Училиштето планира и во целост реализира разновидни воннаставни активности кои се одраз на интересите и потребите на учениците.<br>Училиштето овозможува најголем број на ученици да бидат вклучени во воннаставна активност во зависност од нивните желби и можности, неисклучувајки ги притоа учениците со посебни потреби и учениците кои потекнуваат од семејства со низок социоекономски статус.<br>- Составен дел на работата на училиштето се активностите на Ученичкиот парламент во кои се предвидени содржини за развивање на демократски односи и толеранција. Со ученичкиот парламент стручната служба реализира работилници за унапредување на комуникациски вештини со цел стекнување самодоверба, адекватна самопрезентација и правилна перцепција на односите, можности за решавање на спорови и градење на ставови пожелни за општествената заедница.<br>Проектите кои се реализираат во училиштето се во корелација со здравствената заштита и унапредувањето на здравјето на учениците. Систематските прегледи и вакцинациите се реализираат преку здравствените установи од локалната заедница, предавања во врска со пубертетот, болестите на зависности, се реализираат во соработка со Црвен крст и стручната служба во училиштето, а некои од предавањата ги реализираат стручните работници.<br>Преку воннаставните предмети учениците ги прошируваат своите знаења и вештини, учествуваат на натпревари, конкурси, а на тој начин реализираат дружења со деца од други средини и развиваат самодоверба. |
| , | **Вклученост на учениците воизборот и во планирањето на работата во** | Учениците се вклучуваат во воннаставните активности по сопствен избор со цел да ги развиваат своите интелектуални, социјални и емоционални способности и тие имаат водечка улога при изготвувањето на воннаставните активности, а наставниците имаат координативната |

| | |
|---|---|
| **вонnаставните активности** | улога.<br>Преку вонnаставните активности, на учениците им се дава можност за личен развој. Учениците по сопствен избор можат да ги проширувaат знаењата по одделни предмети, да се вклучат во културно – уметнички или спортски активности.<br>Преку натпреварите се развива натпреварувачкиот дух на учениците и се збогатуваат знаењата. Училиштето учествува на училишни натпревари, општински, регионални, државни натпревари. За постигнатите резултати, учениците секогаш се пофалувани и истакнати на Интернет страната на училиштето. Наградените ученици се промовираат на Денот на училиштето и во извештаите по квалификациони периоди.<br>Учениците ги доживуваат училниците и другите простории во училиштето како средина што поттикнува интерес за учење. Наставниците најмногу ги вклучуваат учениците во наставата преку тоа што ги мотивираат самостојно да се истакнуваат, преку постојано прашување и преку изработка на проекти. Трудовите на учениците се изложуваат на видни и соодветни места (во училницата и во холовите). Повеќето ученици сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен и она што се учи е поврзано со секојдневието, применливо, корисно во реалниот живот. За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно, критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат.<br>Се согласувам планот за вонnаставни активности кои ги водам, го изготвувам заедно со учениците<br>Во спроведената анкета кај родителите, 65% се согласуваат дека нивното дете има можност да се вклучи во вонnаставни активности организирани од училиштето, 29,3% делумно се согласуваат, а 5,7% не се согласуваат.<br><br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 33,34% целосно се согласуваат со тврдењето дека се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор, 49,36% од |

| | |
|---|---|
| | учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 12,18% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 3,20% од учениците воопшто не се согласуваат со ова тврдење и 1,92% од учениците се изјасниле за тврдењето дека не знаат/немаат информација.<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 32,69% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците ги вклучуваат во подготвувањето и планирањето на воннаставните активности,39,10% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење,18,59% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 6,42% од учениците воопшто не се согласуваат со ова тврдење и 3,20% од учениците се изјасниле за тврдењето дека не знаат/немаат информација.<br>Според Прашалникот на наставници, мал број наставници целосно се согласуваат дека планот за воннаставни активности кои ги водат, го изготвуваат заедно со учениците и со тоа целосно се согласуваат 33,34%, се согласуваат 51,28%, не се согласуваат 15,38%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%.<br>Според Прашалникот за родители, мал број родители целосно се согласуваат дека нивното дете е вклучено во воннаставните активности, според сопствен интерес Целосно се согласувам39,10%Се согласувам37,83%, Не се согласувам 10,90%,Воопшто не се согласувам 5,12%, Не знам/ Немам информација 7,05% .<br>Планирани и реализирани се еднодневни излети со учениците до манастирот Свети Никита , Сарај .Планирана е и реализирана е и настава во природа во Охрид во оваа и претходната учебна година, |
| **Натпревари** | За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво.<br>Анкетирани се вкупно 156 ученици по случаен избор. Од нив мал број ученици 39,74% целосно се согласуваат со тврдењето дека наставниците ги поддржуваат и мотивираат да учествуваат на различни натпревари, 36,54% од учениците делумно се согласуваат со ова тврдење, 15,38% од учениците не се согласуваат со тврдењето, 5,13% |

| | | |
|---|---|---|
| | | воопшто не се согласуваат со ова тврдење и 3,21% се изјасниле за тврдењето дека не знаат/немаат информација.<br>-Учениците земаат активно учество во вонннаставните активности и притоа освојуваат награди или места на натпревари во училиште, општински, регионални и државни натпревари:<br>-Државен ликовен конкурс-Културно наследство-2023г.издавачка куќа Феникс -1.Милена Ивановска-9/б -зема само учество<br>-Спортски натпревар во лигата на Одбојка – женски<br>-Спортски натпревар во лигата на Кошарка за машки<br>-Работилница "Крени глас против врсничко насилство" - општествено одговорна кампања на Макпетрол<br>-Општински натпревар по математика<br>-Општински натпревар по биологија<br>-На Републичкиот традиционален ликовен конкурс -,,Trash for art-2024,, -,,Истражи ја креативноста-од отпад до уметничко дело,,-Пакомак-Скопје -изработката на: 1.Симона Вукадиновска 9/б -зема само учество на ликовниот конкурс<br>-Општински натпревар по англиски јазик<br>-Пролетен марш ,, Пешачиме за мир, соживот и толеранција" - -Засадување дрвца во с. Раштак<br>-Регионален натпревар по биологија<br>-Општински ликовен конкурс-Општина Гази Баба-Денови на пролетта-денови на екологија -тема Екологија -ученици од 6-9 0дд.1.Симона Вукадиновска-9/б. 2,Милена Ивановска-9/б<br>.Ученичката Јована Јовевска освои прво место на општинско ниво за најдобар цртеж на тема ,,Екологија,,<br>-Општински натпревар по прва помош.<br>-Фестивал на детско поетско творештво на Македонија ДЕТСКИ ЛИРСКИ ТРЕПЕРЕЊА<br>-Републички ликовен конкурс-Во светот на книгите-2024г.-издавачка куќа Арс Ламина-1.Милена Ивановска-9/б резултатите се во тек<br>-Републички литературен конкурс-Во светот на книгите-2024г.-издавачка куќа Арс Ламина<br>-Државен натпревар по биологија и освоено 2 место. |

| | | |
|---|---|---|
| | | -Регионален натпревар по англиски јазик<br>-Атлетски натпревар на територија на Општина Гази Баба<br>-Општински натпревар по англиски јазик<br>-Општински натпревар по математика<br>-Државен ликовен конкурс-наградена Стефанија Трајковска-9/а - Награда за најдобра творба-Културно наследство-2023г.-издадена од издавачка куќа феникс и Интеракција плус Скопје, а само учество зема 1,Лора Трпеска-9/а<br>-Регионален натпревар по биологија<br>-Општински турнир во Тенис<br>-Одржан е Училишен натпревар по англиски јазик во училиштето од петто одделение и ученикот Петар Трајковски освои прво место, а Микаела Насевски и Магдалена Милковска освоија трето место.<br>-Учество на општински математички натпревар. Ученичката Микаела Насевски освои трето место на општински математички натпревар и ученичката Калина Костеска освои трето место на општински математички натпревар.<br>-Хуманитарна акција„Недела - Борба против гладот“ 16.10.2023<br>-Ученичките Микаела Насевски и Калина Костеска учествуваат на регионалниот натпревар по математика во оoу ,,Наум Наумовски Борче,, 02.03.2024<br>-Ученикот Петар Јовановски учествуваше на општински натпревар по природни науки и освои трето место 23.02.2024<br>-Ученичката Аврамовска Нина учествуваше на регионалниот натпревар по математика во ООУ ,,Наум Наумовски Борче“<br>-Полигон за 3 то одд во Организација на Општински сојуз на училишен спорт на Гази Баба |

**Подрачје 1: Планирање, настава и учење**

**Опис/резиме на подрачјето**

Во училиштето има 500 ученика. Применети се три вида на прашалници:Прашалници за ученици, Прашалници за родители и Прашалници за наставници.
Со Прашалниците се опфатени 156 ученика и 156 родители/старатели.
Бројот на паралелки од прво до деветто одделение изнесува 24 паралелки, од кои 16 се од прво до петто одделение, а 8 паралелки се од шестто до деветто одделение.По 12 ученика од 5 а и 5 б одделение ќе бидат опфатени со Прашалникот за ученици, а од 4 до 9 одделение ќе бидат опфатени по 11 ученици од паралелките за Прашалникот за ученици.

Со Прашалникот за родители се опфатени по 7 родители во македонските паралелки од прво до деветто одделение, а во албанските паралелки од прво до петто одделение се опфатени по 5родители во 5 и 4 одделение,во 3 одд. 3 родители,во 2 одд. 6 родители,во прво одд. 4 родители.
Со прашалникот за наставници се опфатени сите наставници што предаваат во училиштето од прво до деветто одделение.

**Силни страни**

-Ангажираноста на наставниците за подготовка и вклучување на учениците во поголем број на натпревари планирани и реализирани во училиште, на општинско , регионално и државно ниво, секако за тоа доказ претставуваат освоените места или награди на учениците.
-Желбата на учениците да стекнат повеќе знаења, умеења и навики за да учествуваат на натпреварите , воедно и позитивна страна е дружењето меѓу учениците -учесници на натпреварите , од различни училишта.
-Јакнење на истражувачкиот дух на учениците при реализирање на излети, екскурзии, настава во природа, поврзување на стекнатото теоретско знаење со богатството на убавини од нашата татковина, културно историски споменици,манастирски комплекси, архитектурата,нашите реки и природни котлински езера и друго.
- Училиштето е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици.
- За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите.
- Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно - образовниот процес.
- Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот.
- НПП во целост се реализираат во пропишаниот обем.
-Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП.
-Наставниците редовно изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања за реализацијата на сите видови настава.
-Во планирањата се дефинираат цели и исходи.

| |
|---|
| -Наставниот кадар во соработка со стручната служба ги адаптира наставните планови кон потребите на учениците.<br>-Наставниот кадар врши адаптација на наставниот материјал кон карактеристиките на локалната заедница.<br>-Во училиштето се реализира изборна настава при што се понудени повеќе од три предмети.<br>-Учениците имаат можност да изберат воннаставна активност без влијание на успехот, полот или етничка припадност. |
| **Слаби страни**<br>-Воспитно образовниот кадар континуирано посетува обуки за професионален развој, но не се врши дисеминација на посетените обуки.<br>- Потребна е поголема ангажираност на наставниците во работа со надарените ученици и ангажирање на повеќе образовни асистенти за работа со ученици со посебни образовни потреби |
| **Приоритети**<br>**-** Поквалитетно поучување на надарените ученици, нивно оценување и третман во училиштето.<br>- Стручно усовршување на наставниот кадар за поквалитетна реализација на наставните планови и програми**.** |

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Индикатори за подрачјето:** |
|---|
| **2.1 Постигања на учениците**<br>**2.2 Мерки за подобрување на постигањата** |

**Кординатор на подрачје:**
Катерина Стефановска
**Членови:**
Стевче Здравковски
Катерина Ванева
Стефани Илиевска
Сања Орчевска
Елеонора Пешевска
Мевлиде Фејзулаху
Марјан Орчевски
Фатмире Подграѓа

**Самоевалуација на училиштето: ООУ „Његош“ Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 2.1 Постигања на учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Електронски дневник<br>• Анализи на успех<br>• Евидентни листови за успех и поведение<br>• Споредбени прегледи од резултати од оценувањето<br>• Полугодишен извештај<br>• Записници од Наставнички совет и Одделенски совети<br>• Записници од Стручни активи<br>• Анкети со наставници, родители и ученици<br>• Годишна програма за работа<br>• Извештај за работа на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба | Следење на постигањата на учениците од различен пол и јазик на наставата според наставни предмети и според квалификациски периоди | Училиштето ги следи постигањата на учениците во текот на целата година по завршувањето на секој квалификационен период по наставни предмети, поведение, редовност, пол, етничка припадност.<br>Во училиштето наставата се изведува на македонски и албански наставен јазик. Податоците добиени од извештаите од стручната служба укажуваат на тоа дека во текот на целата година податоците за успехот на учениците се внесуваат во дневникот на паралелката, а класните раководители уредно ги внесуваат во евидентните листи и листите за пресметување на успехот добиени по завршувањето на квалификационите периоди. Стручната служба потоа ги обработува овие податоци и приложува извештаи на наставничките совети.<br><br>Од годишните извештаи за работа на училиштето може да се добијат детални податоци за успехот на учениците по предмети, паралелки, пол, етничка припадност за сите класификациони периоди. Со години наназад поголем број од учениците постигнуваат високи резултати во однос на оние со пониски резултати.<br>Од учебната 2022/23, 42,10 % од учениците се со одличен успех од кои поголем процент се од женскиот пол, 17,02 % од учениците се со многу добар успех од кои поголем процент се од машкиот пол, 18,57 % од учениците се со добар успех од кои поголем процент се од машкиот пол и 22,29 % се со доволен успех каде што имаме еднаков број на машки и женски.<br>Од учебната 2023/24, 42 % од учениците се со одличен успех од кои поголем процент се од женскиот пол, 20 % од учениците се со многу добар успех од кои поголем процент се од машкиот пол, 17 % од учениците се со добар успех од кои поголем процент се од машкиот пол и 17 % се со доволен успех од кои поголем процент се од машкиот пол. 4% од учениците кои бројчано се оценуваат, го повторуваат оддлението.<br>Исто така повисоки резултати се постигаат по предметите кои ги нарекуваме |

| | | |
|---|---|---|
| | | вештини и изборните предмети во однос на природната група на предмети. Од податоците за постигања на учениците според пол со кои располагаме во училиштето покажуваат учениците од женскиот пол покажуваат повисоки постигнувања, а според етничката припадност најслаби се Ромите.<br>Според национален состав послаби резултати покажуваат учениците од ромска националност, додека учениците од македонска и албанска националност се со приближен општ успех. Причината за послабиот успех на учениците од ромска националност се гледа во: нискиот образовен статус на родителите, недоволно познавање на македонскиот јазик, често иселување во странство, висок степен на невработеност на родителите и др.<br><br>Училиштето прибира податоци за постигнувањата на учениците според пол и националност по сите наставни предмети за сите квалификациони периоди. Податоците покажуваат дека најголем број одлични ученици се женски, а во сите останати категории најголем број се машки ученици. Според анализите по националност податоците покажуваат дека најголем број на одлични ученици се македонци, а најнизок просек имаат учениците роми. За подобрување на недостатоците, односно подобрување на успехот се организираат дополнителни часови за оние ученици кои имаат потреба и се врши советување на ученици и родители од страна на стручната служба. |
| | **Резултати од екстерни тестирања** | Во периодот на учебните 2022/23 и 2023/24 години во нашето училиште немаше никакви екстерни тестирања. Последно екстерно тестирање беше ТИМСС 2023 пробното тестирање, кое се одржа во март 2022 година, за кое што резултатите сеуште не се објавени на страната на ДИЦ.<br>Во тек е подготовка за државно тестирање по мајчин јазик (македонски/албански) и математика. |

| | | |
|---|---|---|
| • Долгорочни и среднорочни планирања<br>• Анкети со наставници, родители и ученици<br>• Годишна програма за работа и<br>• Извештај за работа на училиштето<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Професионално досие на наставници<br>• Разговори со педагог, психолог, специјален едукатор рехабилитатор | **Идентификување и поддршка на учениците со потешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со попреченост** | Во однос на идентификација на ученици со ПОП во училиштето работи дефектолог, односно специјален едукатор рехабилитатор кој заедно со наставниците и образовните асистенти овие ученици ги следи во работата индивидуално.<br>Училиштето има систем за идентификација на ученици од разни области. Во училиштето постои база на податоци на ученици со ПОП, талентирани ученици и ученици со потешкотии во учење и др. кои се чуваат во стручната служба. Понатаму, идентификацијата се врши преку упис во прво одделение и од наставниците кои го следат нивниот напредок. Освен наставникот, учениците се следат и од стручната служба преку различни активности: разговор со родители, разговор со наставници, индиректен увид во семејната положба, соработка со Центар за социјални работи, евиденција од наоди и мислења од лекар, комисија за категоризација (МКФ категоризација) и Совет на родители.<br>Во периодот од 2022 до 2024 година во училиштето беа ангажирани 3 образовни асистенти во соработка со Ресурсен центар „Иднина“, Скопје кои работат со ученици со ПОП во нашето училиште.<br>Наставниците по инструкции на дефектологот изготвуваат долгорочни, среднорочни планирања и индивидуални образовни планови за учениците со попреченост. За учениците со потешкотии во учењето во училиштето има тим за индивидуална поддршка, во кој се вклучени: стручната служба, родителите и сите наставници вклучени во образовниот процес на овие ученици.<br>За учениците со потешкотии во учењето се изработува програма за индивидуална поддршка, а за време на наставата за овие ученици се користи диференциран пристап. Во текот на учебната 2022/23 година наставниците посетија обуки за работа со ученици со потешкотии организирани од страна на БРО, поточно програмата 10 “Инклузија и пристапи во поучувањето на учениците со посебни потреби/попреченост”. Исто така беа одржани интерни обуки за Аутизам, АДХД и Диференцијација и индивидуализација во наставата од страна на специјалниот едукатор рехабилитатор во нашето училиште, при што наставниците добија основни познавања за работа со оваа категорија ученици.<br>Со надарените и талентираните ученици се работи преку моделот за организирање на додатна настава, на која се врши продлабочување на знаењата по одделни воспитно - образовни подрачја. Наставниците по секој |

| | | |
|---|---|---|
| | | наставен предмет имаат изготвено годишна програма за реализација на додатна настава по која работат во текот на учебната година. Од тие ученици се селектираат најсоодветните ученици кои учествуваат во натпревари, конкурси и други активности на кои освојуваат награди, а воедно се афирмираат себеси и нашето училиште.<br><br>Во спроведената анкета за наставниците, за изјавата – ,, Успевам да ги идентификувам учениците со потешкотии во учењето”, поголем број од наставниците целосно се согласуваат (53,84%), незначителен број од наставниците се согласуваат (46,16%).<br>За изјавата ,, Задачите и активностите на часовите ги приспособувам на индивидуалните образовни потреби на учениците”, поголем број од наставниците целосно се согласуваат (58,97%), незначителен број од наставниците се согласуваат (41,03%).<br>За изјавата ,,Успешно соработувам со образовните асистенти “, поголем број од наставниците целосно се согласуваат (66,67%), незначителен број од наставниците се согласуваат (30,77%), не знам/ немам информација (2,56%)<br><br>Во спроведената анкета за учениците, за изјавата – ,, Доколку по некој предмет сакам да научам повеќе од предвиденото на часовите , наставниците ми нудат додатни часови”, поголем број од учениците целосно се согласуваат (32,69%), незначителен број од учениците се согласуваат (33,34%), не се согласуваат (18,59%), воопшто не се согласуваат (7,06%), не знам/ немам информација (8,34%)<br>Во спроведената анкета за родителите, за изјавата – ,, Наставниците ги прилагодуваат задачите и активностите на индивидуалните потреби на моето дете.”, поголем број од родителите целосно се согласуваат (61,54%), незначителен број од родителите се согласуваат (28,21%), не се согласуваат (6,41%), воопшто не се согласуваат (1,28%), не знам/ немам информација (2,56%)<br><br>Од разговорот со стручните соработници и директорот заклучивме дека идентификувањето започнува од страна на одделенскиот наставник кој потоа ја известува стручната служба и врз основа на идентификациона листа се утврдува дали се работи за надарен ученик. Исто и за учениците со тешкотии |

| | | |
|---|---|---|
| | | во учењето или ученици со попреченост. Учениците добиваат поддршка согласно потребите, односно за учениците со попреченост доколку е потребно се подготвува ИОП или се прилагодуваат целите согласно способностите на учениците. |
| • Евидентнилистови (на крајотна I и III тримесечие и I полугодие)<br>• Свидетелства (на крајотна II полугодие зазавршено одделение)<br>• Е-дневник<br>• Записник за одржани родителски средби<br>• Записник од одделенски и наставнички совет<br>• Анкети со родители, ученици и наставници | **Известување на родителите/старателите за постигањата на учениците** | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца кој доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за напредокот и постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно. За таа цел се користат формални и неформални средби, родителски состаноци кои се одржуваат најмалку четири пати годишно, индивидуални средби со родителите. Исто така училиштето има изработено и објавено распоред за приемни денови на наставниците во кои родителите можат да се информираат за успехот и напредокот на учениците за секој предмет одделно.<br>Средбите со родителите се добро организирани и за време на истите јасно се пренесуваат информациите. На овие средби се разговара за успехот и поведението на учениците, однесувањето на учениците во и надвор од училиштето,за неопходноста од знаењата што треба да гистекнат, избегнување на негативните влијанија и појави во општеството, негување на позитивни црти на личноста. Вонредните родителски средби се одржуваат кога затоа ќе се јави посебна потреба.<br>Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства и дипломи со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно-образовниот процес,вклучувајќи информации за:оценките,поведението, Педагошки мерки, бројот на изостаноци. Во овој период во Додатокот на свидетелство за секој ученик подетално се образложени и ангажманите на учениците во тек на целата учебна година.<br>Постигањата на учениците се евидентираат и во електронскиот дневник. Со пристап во е-дневникот секој родител може лесно да биде информиран за |

оценките и редовноста на своето дете,писмените работи и тестовите на знаење, домашните задачи, поведението итн.

Во спроведената анкета за учениците, за изјавата – ,, Моите родители/старатели се постојано известени за мојот напредок на училиште", поголем број од учениците целосно се согласуваат (65,38 %), незначителен број од учениците се согласуваат ( 23,08 %), 7,05 % изјавиле дека не се согласуваат, 1,92 % воопшто не се согласуваат и 2,57 % изјавиле дека не знаат или немаат информација.

Во спроведената анкета за родителите, за изјавата - ,, Редовно сум известен/а за постигнувањата на моето дете во училиште ( не само на крај на полугодие и крај на година ), поголем број од родителите: целосно се согласуваат ( 67,31 %), се согласуваат ( 27,56 % ), не се согласуваат ( 3,85 % ), воопшто не се согласуваат ( 1,28 % ) и нема ниту една изјава за одговорот не знам/ немам информација.

Со овие изјави се потврдува дека родителите се навремено известени зауспехот и поведението на учениците во ова училиште.

Од записниците за одржани родителски средби се гледа одзивот на родителите на родителските средби е многу мал. Во принцип родителите на послабите ученици не доаѓаат. По потреба се испраќаат и покани до родителите за нередовните и недисциплинираните ученици. Од посетите на родителски средби можеме да заклучиме дека во одделенска настава имаме поголема бројка на присутни родители, односно повеќе од половина родители се појавуваат на родителските, додека пак во споредба со предметна настава имаме помал број на посета на родители на родителски средби, а тоа е приближно до половина од вкупниот број на ученици

Родителите се вклучени и во советот на родители. Од секое одделение има по еден претставник во овој совет преку кој може да се реализираат барањата на сите родители до наставниците,директорот на училиштето и стручната служба кој потоа дава повратна информација на останатите родители во паралелката. Училиштето е подготвено во секој момент да ги прифати и реализира сугестиите, барањата и желбите на родителите во границите на своите можности .

| Индикатор 2.2 Мерки за подобрување на постигањата | | |
|---|---|---|
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| • Податоци од одделенски раководители, одделенски дневници<br>• Податоци од административна служба (секретарот) и главна книга<br>• Програма за работа и Извештај за работа на училиштето | **Редовност во наставата** | Во тек на 2022/23 учебна година во нашето училиште направени се вкупно 14562 изостаноци од кои 9614 се оправдани изостаноци а 4948 се неоправдани изостаноци.<br>Голем дел од неоправданите изостаноци се направени како резултат на срединските и културолошките фактори како и од страна на ученици кои континуирано бележат изостанувања од наставата во текот на целата учебна година.<br>Во тек на 2023/24 учебна година во нашето училиште направени се вкупно 11628 изостаноци од кои 7049 се оправдани изостаноци а 4579 се неоправдани изостаноци.<br>Голем дел од неоправданите изостаноци се направени како резултат на срединските и културолошките фактори како и од страна на ученици кои континуирано бележат изостанувања од наставата во текот на целата учебна година.<br>Изостаноците, а особено неоправданите изостаноци се покажало дека ги прават секогаш една група на ученици за кои се спроведуваат соодветни мерки според Законот за основно образование, воедно и редовно контактираме со ДПИ и Центарот за социјални работи.<br>Според етничка припадност се забележува значително поголема нередовност кај учениците од ромската етничка припадност во споредба со останатите ученици. Нередовноста на учениците Роми се должи на отсуство поради сезонска работа (на почеток и на крај од учебната година) на која одат со нивните родители, иселување во странство – азил, низок социо - економски статус и субстандардни услови за живеење кои се причина за честите заболувања и слично.<br>За надминување на овој проблем училиштето (стручната служба), води разговори и стручни советувања со ученици и родители со направени над десет неоправдани изостаноци, се води континуирана евиденција за отсуствата на учениците и за учениците кои одат во странство и се враќаат од таму.<br>Во спроведената анкета за родителите, за изјавата - ,,Континуирано сум |

| | | |
|---|---|---|
| | | информиран/а за редовноста на моето дете.”  поголем број од родителите: целосно се согласуваат ( 67,30 % ), незначителен број од родителите се согласуваат ( 28,20 % ), не се согласуваат ( 1,28 % ), воопшто не се согласуваат ( 2,57 % ) за одговорот не знам/ немам информација (0,65%).<br><br>Стручната служба и директорот велат дека се делумно задоволни од редовноста на учениците. Со учениците кои нередовно посетуваат настава се врши советување на ученици и родители од страна на наставници и стручна служба. |
| • Годишен извештај на училиштето<br>• Програма за советување на ученици и родители/старатели<br>• Анализи на ефектите од советувањата на учениците и родителите/старателите<br>• Разговор со психолог и педагог<br>• Годишна програма на училиштето | **Советување на родители/старатели и ученици** | Училиштето превзема активности за унапредување на добросостојбата на учениците и напредување согласно воспитно- образовните цели и очекуваните резултати пропишани во наставните програми. И покрај тоа, определен број на ученици, од различни причини, во текот на учебната година манифестираат однесување што не е во согласност со воспоставениот кодекс на однесување или не го постигнуваат оној успех, што согласно нивните способности, би можеле да го постигнат. За тие ученици и нивните родители/стратели, училиштето обезбедува посебен вид поддршка преку фокусирана работа односно советодавна работа којашто ја применуваат стручните соработници со учениците и нивните родители/старатели.<br>Соработката на училиштето со родителот/старателот се планира со Програма за советување на ученици и родители/старатели. Советувањето на родителите/старателите го реализира училишниот психолог, ова советување се однесува на родители/старатели и нивните деца кои имаат потреба од дополнителна поддршка во однос училишниот успех и напредување, на редовноста и/или однесувањето.<br>Чести причини поради кои во нашето училиште родителите/стрателите се повикувани на советување вклучуваат: нередовно посетување на настава од неоправдани причини односно кога учениците имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци, имаат незадоволителен успех ( три или повеќе слаби оцени на крајот од тримесечјето или полугодието) или значително е опаднат успехот во однос на успехот во претходното тримесечје или во однос на претходната учебна година и манифестирање на различни форми на несоодветно однесување.<br>Училишниот психолог ги применува двата начина на советување: индивидуално и групно. Индивидуалното советување се реализира во случаи |

| | | |
|---|---|---|
| | | кога причините за советување вклучуваат една личност/семејство, ова советување училишниот психолог го применува со еден конкретен ученик и родител/старател додека пак групното советување се реазлизира со помала или поголема група ученици или родители/старатели чиишто деца се соочиле со проблем којшто е заеднички или е присутен кај група ученици, ова советување училишниот психолог го применува преку повеќе форми на групна работа како што се работилници, дискусии, презентации итн.<br>Родителот/стрателот се повикува на индивидуално советување или групно советување по телефон, електронска пошта или преку раководителот на паралелката. Доколку родителот/старателот не се јави на индивидуално советување по два последователни повици, училиштето му упатува писмена покана која е архивирана.<br>Групното советување се реализира со иста група на ученици повеќе пати, зависно од потребата. Една средба во рамките на групното советување трае приближно колку еден училишен час но може да трае и подолго доколку е потребно.<br>Родителот/стрателот се повикува на индивидуално советување или групно советување по телефон, електронска пошта или преку раководителот на паралелката. Доколку родителот/старателот не се јави на индивидуално советување по два последователни повици, училиштето му упатува писмена покана која е архивирана.<br>За психолошките/педагошките работилници училиштето ги информира родителите на родителски средби, индивидуални средби и советувања, огласна табла и преку веб страната на училиштето.<br>Во тек на 2022/23 учебна година, училишниот психолог има реализирано вкупно 88 советувања од кои 39 советувања за неоправдано отуство, 49 за намален успех по 2 и повеќе предмети или слаб успех по 3 и повеќе предмети и 0 за несоодветно асоцијално однесување.<br>Според резултатите од анализите на ефектите од советувањата на учениците и родителите/старателите се утврдува дека редовната реализација даде позитивни ефекти на намалување на бројот на ученици со слаби оценки и подобрената вертикална проодност, како резултат на повеќегодишна континуирана работа. Поради преселба во странство со родителите на учениците кои се неоценети не се реализирани советувања, иако се уредно повикувани.<br>Според програмата за советување на родители и ученици, советувањето го |

| | | |
|---|---|---|
| | | започнува одделенскиот наставник откако ќе забележи дека ученикот има повеќе изостаноци, намален успех или поведение. Потоа советувањето продолжува од страна на стручната служба. Кај учениците чии родителите се појавуваат на советување истото има ефект. |
| • Анкети со наставници<br>• Извештаи од стручна служба<br>• Евиденција во електронски дневник<br>• Податоци од одделенски раководители<br>• Програма за дополнителна настава<br>• Тематски и дневни планирања на наставниците<br>• Распоред за дополнителна настава | **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава** | За подобрување на постигањата на учениците, наставниците им даваат поддршка на учениците во текот на целата учебна година, особено на учениците со потешкотии во учењето. За нив се изработува и програма за дополнителна настава при што се избираат активности соодветни на нивните можности и потреби. Дополнителната настава значително го подобрува успехот кај учениците со тоа што однапред се планира и се реализира во текот на целата учебна година во согласност со потребите на учениците, а и во согласност со времето на располагање кое го имаат, бидејќи дел од учениците доаѓаат од руралните средини и се јавува проблем со превозот, но наставниците се обидуваат да ги надминат овие препреки и истата да се изведе заради подобрување на квалитетот на знаењето на учениците.<br>Исто така, поголем дел од наставниците применуваат различни методи на работа, преку знаења добиени од посета на семинари (активни методи на работа во групи, тимска работа,изведбен иактивности, разговор, презентација и демонстрација, ИКТ во наставата). Со тоа часовите мотивационо делуваат на учениците и комуникацијата е на повисоко ниво.<br><br>Училиштето реализира и дополнителна настава на крајот на учебната година за сите ученици кои се упатени на поправен испит по определени предмети. Додатната настава, пак, исто така се планира и реализира во текот на учебната година при што наставниците ги подготвуваат учениците за одредени натпревари што престојат во текот на учебната година или пак им даваат инструкции и задачи за усовршување на одредени вештини кои учениците ги поседуваат. За дополнителната и додатната настава се известуваат и родителите на првата родителска средба, а и на приемните денови што ги организира училиштето се со цел да се подобри квалитетот на постигањата на учениците, а да се намали слабиот успех кај истите.<br>Но, за реализација на дополнителната настава во нашето училиште постојат неколку потешкотии, а тоа најчесто се двосменското работење на училиштето и големиот број на часови во текот на седмицата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Во спроведената анкета за наставниците, за изјавата – ,,Редовно ги пофалувам учениците за постигнатите резултати”, поголем број од наставниците целосно се согласуваат (79,49%) а незначителен број од наставниците се согласуваат (20,51%).<br>За изјавата ,, Во текот на наставата , учениците можат да бираат дополнителни задачи /активности или задачи/активности по свој избор” поголем број од наставниците целосно се согласуваат (53,97%), незначителен број од наставниците се согласуваат (38,47%), воопшто не се согласуваат ( 2,56%).<br><br>Во спроведената анкета за учениците, за изјавата – ,,Доколку неможам да го совладам материјалот , на мое барање , наставниците ми организираат дополнителна настава,”, поголем број од учениците целосно се согласуваат ( 32,69%), незначителен број од учениците се согласуваат ( 32,69%), не се согласуваат (19,87%), воопшто не се согласуваат ( 7,69 % ), не знам / немам информација (7,06 %).<br><br>Во спроведената анкета за родителите, за изјавата – ,, На моето дете во училиштето му е овозможена дополнителна и додатна настава , доколку има потреба од тоа ,” поголем број од родителите целосно се согласуваат ( 55,13%), незначителен број од родителите се согласуваат (30,77%), не се согласуваат ( 4,49%), воопшто не се согласуваат ( 3,21 % ), не знам / немам информација ( 6,40 %)<br>За изјавата ,, Наставниците му даваат насоки на моето дете како подобро да учи.” поголем број од родителите целосно се согласуваат ( 60,90%), незначителен број од родителите се согласуваат (30,13 %), не се согласуваат ( 4,49%), воопшто не се согласуваат ( 2,56 %) и не знам / немам информација ( 1,92 %) |

## Подрачје 2: Постигања на учениците

| **Опис/резиме на подрачјето**<br><br>Предмет на ова истражување е да се разгледа квалитетот на знаењето, мотивираноста и вредностите кои ги поседува ученикот, квалитетот на знаењата, мотивираноста и вредностите кои ги поседува ученикот но од гледна точка на наставникот и квалитетот на знаењето од гледна точка на родителот. Целта на истражувањето е да се добие увид во мислењето на учениците, родителите и наставниците за квалитетот на знаењата на учениците, постигањата, успехот, ангажираноста на наставниците за подобрување на истите и вредностите кои ги поседуваат самите ученици. Истражувањето се состои од анкета спроведена кај учениците, родителите и наставниците. Анкетата се состои од прашања од затворен тип со пет понудени одговори. |
|---|
| **Силни страни**<br>- Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>- Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава.<br>-Училиштето превзема активности за унапредување на добростојбата на учениците и напредување согласно воспитно-образовните цели и очекуваните резултати пропишани во наставните програми |
| **Слаби страни**<br>-Расте бројот на ученици со потешкотии и посебни образовни потреби, а одредени ученици со потешкотии во учењето немаат наод и мислење од соодветни здравствени установи.<br>- Некои родители одбиваат да ги прифатат насоките дадени од стручната служба и наставниците со што се усложнува целиот образовен процес.<br>- Поголем број од родителите кои се поканети на советување не го почитуваат закажаниот термин.<br>-Нередовност на учениците од ромска етничка припадност во споредба со останатите ученици. |
| **Приоритети**<br>- Едукација на стручната служба и наставниците за работа со родители.<br>- Поголема соработка помеѓу образовните медијатори и наставниците |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| Индикатори за подрачјето: |
|---|
| **3.1 Училишна клима**<br>**3.2 Еднаквост и правичност**<br>**3.3 Партнерски однос со заедницата**<br>**3.4 Севкупна грижа за учениците** |

**Координатор:**
Елена Јовановска Миливојевиќ
**Членови:**
Зорица Стевковска
Ивана Доневска Лалевска
Маја Ѓорѓиев
Бехар Емини
Маја Јовевска
Александар Илиевски
Весна Рабан
Сузана Малинова

| **Собирање податоци** | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 3.1 Училишна клима** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Статут на училиштето<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Закон за основно образование<br>➢ Кодекс на однесување<br>➢ Анкета со наставници, ученици и родители<br>➢ Извештај на работата во училиштето<br>➢ Фотографии<br>➢ Куќен ред<br>➢ Распоред на дежурства на наставниците<br>➢ План за евакуирање<br>➢ Записници од стручни активи<br>➢ Записници од Совет на родители<br>➢ Педагошка евиденција за изречени педагошки мерки | **Углед/имиџ на училиштето** | Нашето училиште со својата високо квалитетна работа во различни области е препознатливо во локалната средината и пошироко. Училиштето води грижа за професионалниот развој на воспитно - образовниот кадар кој работи на остварување на мисијата и постигнувањето на целите на визијата. Визијата и мисијата се истакнати на веб страната на училиштето.<br>Училиштето и чисто и уредно, а такво е и мислењето на учениците. Како што покажуваат анкетите, на прашањето дали училиштето е чисто и уредено, од вкупно анкетирани 156 ученици, 42,95% целосно се согласуваат, 32,05% се согласуваат, 17,31% не се согласуваат, 7,69% целосно не се согласуваат. |
| | **Кодекс на однесување** | Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. Од вкупно анкетирани 156 родители, 62,82% целосно се согласуваат со тоа дека се запознаени со кодексот на однесување на училиштето, додека само 1,93% немаат информација и не знаат. Исто така, родителите имаат можност да придонесат во развојот/ажурирањето на содржината на кодексот на однесување, а со тоа целосно се согласиле 47,44%, додека целосно не се согласиле 3,21%.<br>Од вкупно анкетирани 39 наставници,13 целосно се согласуваат дека имаат учествувано во изработка/ажурирање на Кодексот на однесување на училиштето, а не знаат и немаат информација само двајца (5,13%). Со тоа дека училиштето соодветно постапува доколку се прекрши Кодексот на однесување, 64,10% целосно се согласуваат, се согласуваат 41,03%, додека 5,13% не знаат и немаат информација. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Училишна клима** | Во училиштето, учениците се мотивирани од наставниците, се воспоставува пријатна атмосфера за работа. Се промовира и афирмира заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост. Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници, ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Наставниот кадар на училиштето, на прашањето дали атмосферата во училиштето е позитивна и поттикнувачка, ги дава следните одговори: од вкупно анкетирани 39 наставници, 69,22% целосно се согласуваат, се согласуваат 28,21%, а 0% не се согласуваат или целосно не се согласуваат, додека не знаат и немаат информација 2,57%. Од анкетираните, 26 велат дека за време на нивните часови владее добра работна атмосфера, а 25 од нив добро соработуваат со своите колеги. Со ова не се согласуваат 2 (5,13%).<br>Од бројот на анкетирани ученици, вкупно 156, дека во училиштето безбедно и сигурно се чувствуваат 49,36% целосно се согласуваат, 32,69% се согласуваат, додека 1,92% не знаат, односно немаат информација. Дека се чувствуваат прифатено од другите ученици, 48,72% целосно се согласуваат, немаат информација 3,85%. Се чувствуваат прифатено од наставниците: целосно се согласиле 57,05%, не се согласиле 7,69%. На прашањето: Сакам да одам на училиште, учениците ги даваат следниве одговори: 55,77% целосно се согласиле, се согласиле 21,15%, не се согласиле 13,46%, не знаат, односно не се информирани 3,21%. Дека наставниците ги разбираат нивните потреби и проблеми, 71 ученик целосно се согласува со тоа, а 4 не се информирани и не знаат. Во одделението / училиштето има донесено заеднички правила на однесување. Дека овие правила се почитуваат 46,15% целосно се согласуваат, а 1,93% не знаат, односно не се информирани. Училишните правила се применуваат подеднакво на сите ученици – 52,56% целосно се согласуваат, се согласуваат 30,77%, не се согласуваат и не знаат, односно немаат информација 7,56%. Во училиштето добиваат поддршка и помош при решавање на некој проблем - 57,7% целосно се согласуваат, се согласуваат 31,41%, не се согласуваат 4,49%, целосно не се согласуваат 3,85%, не знаат и немаат информација 2,56%.<br>Родителите ги даваат следните одговори: Моето дете е прифатено и |

| | | |
|---|---|---|
| | | почитувано од наставниците – 72,44% целосно се согласиле, се согласуваат 26,92%, 0,64% не се согласуваат. На прашањето дали нивното детето е прифатено и почитувано од соучениците, 61,54% целосно се согласиле, не знаат и немаат информација 0,64%. На прашањето: Моето дете сака да оди на училиште, 69,23% целосно се согласиле, се согласиле 28,21%, не знаат и немаат информација 0,64%. |
| | **Поведение и дисциплина во училиштето** | Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници. На прашањето Дали училиштето добро се справува со дисциплината, 77 родители од вкупно 156 анкетирани целосно се согласиле со тоа, додека 6 не знаат, односно немаат информација. |
| | **Учество на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми** | Преку работата на Ученичките заедници, учениците се навремено и целосно информирани за сѐ што е од нивен интерес. Тие учествуваат во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки, што е видно од одделенските книги и записниците на Ученичкиот парламент на училиштето.<br>Наставниот кадар на прашањето дали учениците и родителите во училиштето добиваат соодветна поддршка и помош за решавање на проблемите одговорил вака: 48,73% целосно се согласуваат, се согласуваат 46,15%, не се согласуваат 5,13%, целосно не се согласуваат и немаат информација 0%. |
| **Индикатор 3.2 Еднаквост и правичност** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |

| | | |
|---|---|---|
| ➢ Записници од родителски средби,<br>➢ Годишни планирања по НПП<br>➢ Планирања на Еко активности<br>➢ Планирања на МИО активности<br>➢ Извештаи од реализирани активности<br>➢ Професионална ориентација<br>➢ Достап до материјали, нагледни средства<br>➢ Анкети за родители и ученици<br>➢ Документирани фото материјали од заеднички активности на учениците без оглед на пол, етничка припадност и социјално потекло на учениците | **Познавање и почитување на правата на децата** | Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето презема активности за да ги запознае родителите со правата на децата.<br>Сите вработени во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите, за време на наставата и воннаставните активности.<br>Поголем број од наставниот кадар се изјасниле дека реализираат работилници за запознавање на родителите со правата и обврските на децата, односно 13,33% целосно се согласуваат, 46,15% се согласуваат, 15,39% не се согласуваат и 5,13% не се информирани.<br>Поголем број од наставниците се сложуваат дека на учениците им укажуваат на различните механизми за заштита на нивните права кои постојат во училиштето, односно 41,02% целосно се согласуваат, 56,41% се согласуваат, 2,57% не се согласуваат.<br>Најголем дел од учениците се изјасниле дека знаат како да постапат и каде да се обратат доколку забележат прекршување на своите права, односно 50,64% целосно се согласуваат, 38,46% се согласуваат, 5,76% не се согласуваат, 1,93% целосно не се согласуваат и 3,21% немаат информација.<br>Најголем дел од учениците се изјасниле дека кога имаат потреба од помош, можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник, односно 62,82% целосно се согласиле, 30,77% се согласуваат, 5,77% не се согласуваат и 0,56% не се информирани.<br>Поголемиот број од учениците се изјасниле дека можат слободно да бараат совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето, односно 62,18% целосно се согласуваат, 29,49% се согласуваат, 5,78% не се согласуваат и 2,56% не се информирани. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Еднаков и правичен третман на сите ученици** | Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има развиено механизми со кои обезбедува нивно почитување. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во училишен контекст.<br>Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во РСМ, без оглед на која етничка група припаѓаат. Училиштето организира заеднички наставни и воннаставни активности наменети за културно - етнички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.<br>Најголем број од наставниците се согласуваат дека ги мотивираат учениците да учествуваат во донесување одлуки за прашања кои се во нивни интерес, односно 58,97% целосно се согласуваат, 38,46% се согласуваат, 2,57% не се согласуваат.<br>Поголем број од наставниците се согласуваат дека соодветно реагираат на поплаките на учениците за нееднаков третман, односно 64,10% целосно се согласуваат, 33,33% се согласуваат, 2,57% не се согласуваат.<br>Најголем дел од наставниците се согласуваат дека различните маргинализирани/ранливи групи ги вклучуваат во училишните активности, односно 56,41% целосно се согласуваат, 43,59% се согласуваат.<br>Најголем дел од родителите се согласуваат дека нивното дете во училиштето ги добива истите услови за учење како и другите ученици, односно 64,74% целосно се согласуваат, 32,05% се согласуваат и 3,21% не се согласуваат.<br>Поголем дел од родители се согласуваат дека нивното дете е оценувано според истите услови за учење како и другите ученици, односно 67,31% целосно се согласуваат, 29,49% се согласуваат, 1,92% не се согласуваат и 1,28% не се информирани.<br>Најголем дел од учениците се изјасниле дека нивното дете не било дискриминирано во училиштето врз основа на пол, етничка припадност, религиска припадност и друго, односно 61,54% целосно се согласуваат, 29,49% се согласуваат, 5,13% не се согласуваат и 3,84% не се информирани.<br>Поголем број од родителите се согласуваат дека училиштето навремено и соодветно реагира на нееднаков третман на учениците, односно 51,92% |

| | | |
|---|---|---|
| | | целосно се согласуваат, 28,85% се согласуваат, 12,18% не се согласуваат и 7,05 не се информирани.<br>Најголем дел од учениците се изјасниле дека имаат еднакви можности за учество во активностите во училиштето, како и другите, односно 58,33% целосно се согласуваат, 30,77% се согласуваат, 7,69% не се согласуваат и 1,93% не се информирани.<br>Поголем број од учениците се согласуваат дека имаат еднакви можности за учество во различните активности на часовите (на пр. поставување прашања, презентирање, одговарање) како и другите ученици, односно 59,61% целосно се согласуваат, 33,33% се согласуваат, 5,14% не се согласуваат, а 1,93% не се информирани.<br>Голем дел од учениците се согласуваат дека ученичката заедница од нивното одделение учествува во активности за подобрување на работата на училиштето, односно 41,03% целосно се согласуваат, 40,38% се согласуваат, 12,83% не се согласуваат и 5,76% не се информирани. |
| **Индикатор 3.3 Партнерски однос со заедницата** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Статут на училиштето<br>➢ Годишна програма за работа на училиштето<br>➢ Записничка книга од состаноци на Совет на родители<br>➢ Закон за основно образование<br>➢ Записничка книга од Совет на родители<br>➢ Одлуки и извештаи од Совет на родители<br>➢ Програма за работа на Совет на родители<br>➢ Анкета со наставници, ученици и родители<br>➢ Извештај на работата во училиштето,<br>➢ Записници и обуки од | **Соработка на училиштето со родителите /старателите** | Училиштето презема доволно активности за да ги вклучи родителите во наставата. Секогаш е отворено за соработка и на почетокот на учебната година родителите се запознаваат околу тоа каде може да ја добијат потребната помош во врска со проблемите на кои наидуваат нивните деца во училиштето, преку одделенските наставници, одделенските раководители и стручната служба. За време на наставата училиштето организира најмалку четири родителски средби кога родителите детално се запознаваат со постигнувањата на нивните деца и воедно добиваат насоки за подобрување. Но, во зависност од потребите може да се закаже и дополнителна родителска средба каде ќе се решаваат актуелните проблеми од наставата или паралелката.<br>Соработката се остварува и преку индивидуални средби, секој наставник има термини во седмицата кога родителите можат индивидуално да разговараат со него за своето дете, а еднаш месечно има отворен ден, на кој се присутни сите наставници и родителот може да добие целосна слика за постигнувањата и поведението на своето дете по сите наставни предмети.<br>Согласно со законот за основно образование, во ООУ „Његош“ има формирано тело Совет на родители, во кој членуваат родители, претходно |

| | | |
|---|---|---|
| состаноци од Совет на родители<br>➢ Фотографии | | избрани на родителски средби, преку кои се афирмира и збогатува севкупното функционирање на училиштето. Исто така тројца од родителите членови на Советот на родители се членови на Училишниот одбор и учествуваат во креирањето на политиките во училиштето. Советот на родители реализирал по 6-7 седници на кои расправал за:<br>• реализацијата на сите видови настава, оценувањето на учениците;<br>• успехот, поведениeто и редовноста на учениците;<br>• вклучување на родителите од помалите етнички заедници во животот на училиштето;<br>• давал предлози до Училишниот одбор, директорот за подобрување на животот во училиштето, од кои реализирани се носењето на униформи за учениците и ангажирање на приватно обезбедување.<br>• појави кои позитивно-негативно влијаат на училишната клима;<br>• обработка на стручни теми за унапредување на родителството, ненасилно однесување, мотивирање, разрешување на конфликти<br>• програми за еколошка едукација<br>• организација на полуматурска вечер<br>• пофалби и награди на ученици, одделенија<br>Последните години поголем број на родители прифаќаат да сработуваат со училиштето на реализација на наставни и проектни активности. Најголем дел од родителите се изјаснети дека се вклучени во активностите и запознаени со правата на децата организирани од училиштето, односно 44,23% целосно се согласуваат, 25,64% се согласуваат, 10,90% не се согласуваат, 7,70% целосно не се согласуваат и 11,53% се изјасниле дека не знаат, односно не се информирани. Најголем дел од родителите целосно се согласуваат со мислењето и ставовите за унапредивање на воспитно-образовниот процес се почитуваат и влијаат на одредени одлуки кои се донесуваат во училиштето, односно 41,67% целосно се согласуваат, 34,61% се согласуваат, 7,70% не се согласуваат, 4,49% целосно не се согласуваат и 11,53% не знаат или не се информирани. Најголемиот дел од наставниот кадар се изјасниле дека ги поттикнале родителите да се вклучат во активностите на училиштето, односно 92,30% целосно се согласуваат или се согласуваат, 7,70% не се согласуваат. Сите наставници се согласуваат дека ги прифаќаат идеите на родителите за подобрување на воспитно образовниот процес, односно 100%. Донациите кои се добиени од родителите се ограничени, на што влијае и социјалната структура на локалната средина, а се состојат во поплочување со бекатон плочки на |

| | | |
|---|---|---|
| | | мала пристапна патека, хартии, изведување на занаетски работи при санација на делови на училишната зграда. Советот на родители реализира активности кои имаа позитивно влијание на животот на училиштето, ангажирање на обезбедување од 07:00 до 17:00 часот.<br>Стручната служба редовно присуствува на седниците на Советот на родители и прави едукација и дисеминација за проекти, воспитно-образовни прашања, работилници за помош во учењето и реализацијата на училишните обврски, одговорно родителство и сл. |
| | **Соработка со општината и со урбаната заедница** | За реализација на наставните и воннаставните активности, училиштето соработува со деловни заедници од општината. Родителите редовно партиципираат во активностите за ЕКО и МИО, зазеленување на училишниот двор. Локалната заедница има ограничени капацитети и слаба развиеност на стопанството. Најголем дел се индивидуални земјоделци и вработени во организации кои гравитираат надвор од реонот.<br>ООУ „Његош“ соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, НВО, Форум за безбедност, МВР, Меѓуопштински центар за социјални работи, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Клиника за педијатрија, Детско село, МВР - малолетничка деликвенција и оддел за безбедност во сообраќајот, Факултет за земјоделие, Институт за психологија и Институт за педагогија. ООУ „Његош“ има активна и квалитена соработка со повеќе средни училишта од Скопје, а особено со АСУЦ „Боро Петрушевски“, СУУГС „Лазар Танев“ и СУГС „Михајло Пупин“. Во последните две учебни години интензивирана е соработката со СУГС „Панче Арсовски“.<br>Најголемиот дел од наставниците се изјасниле дека учествуваат во спроведување на заеднички проекти во Општината кои се од интерес на училиштето и заедницата, односно 61,54% целосно се согласуваат, 38,46% се согласуваат, 5,13% не се согласуваат.<br>Впечаток е дека партнерскиот однос со родителите и деловната заедница се подобрува, но има можности за поголема партиципација на родителите во севкупната работа на ООУ Његош. |
| **Индикатор 3.4 Севкупна грижа за учениците** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| ➢ Годишна програма на училиштето<br>➢ Годишен извештај за | **Превенција и заштита од насилство** | Училиштето има норматив за дефинирање на сите облици на однесување на децата и возрасните кои се сметаат за психичко и физичко насилство. Исто така постојат Кодекси за однесување на учениците, родителите и |

| | | |
|---|---|---|
| работа на училиштето<br>➢ План за евакуација<br>➢ Сертификати за укажување на прва помош<br>➢ Осигурителни полиси<br>➢ Документи за исправност на ПП апарати<br>➢ Документи за исправност на громобранска инсталација<br>➢ Документи за исправност на хидрантни уреди<br>➢ Педагошка евиденција<br>➢ Податоци за реализирани трибини и предавања<br>➢ Распоред на дежурство на наставници<br>➢ Евиденција на ранливи групи на ученици<br>➢ Записници од индивидуални разговори со ученици<br>➢ Известувања и соработка со институции<br>➢ Дневници на паралелки<br>➢ Записници од совет на родители<br>➢ Програма за превенција од насилство<br>➢ Видео надзор<br>➢ Договори за организирана исхрана<br>➢ Записници од санитарен инспекторат<br>➢ ИОП програми<br>➢ Годишни програми и извештаи на стручна | | наставниците. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците и се наведуваат механизмите за справување со евентуалната појава на различните облици на насилство. Документот е достапен за сите (наставниците, родителите, учениците), а поголем дел од наставниците се согласуваат дека истиот доследно се почитува од учениците. Наставниците се запознаени со процедурите што постојат во училиштето за заштита на децата и сметаат дека училиштето успешно се справува со појави од секаков вид на малтретирање на децата. Поголемиот дел од наставниците се согласуваат дека спроведуваат активности за превенција на насилство и ненасилно решавање конфликти, односно 61,53% целосно се согласуваат, 35,90% се согласуваат и 2,57% не се согласуваат. На прашањето дали во училиштето се работи со сите ученици кои се учесници на врсничко насилство, најголем број од наставниците целосно се согласуваат, односно 58,97%, 38,46% се согласуваат и 2,57% не се согласуваат. Повеќето од родителите се согласуваат дека се запознаени со училишниот протокол за превенција и постапување во случај на насилство, односно 39,10% целосно се согласуваат, 34,61% се согласуваат, 11,65% не се согласуваат и 14,73% не се информирани. Поголем број од родителите се согласуваат дека во училиштето се спроведуваат активности за превенција на ненасилно решавање конфликти, односно 39,10% целосно се согласуваат, 29,49% се согласуваат, 14,1% не се согласуваат, а 17,31 не се информирани. Најголем дел од родителите се согласуваат дека училиштето добро се справува при појава на насилство, односно 37,18% целосно се согласуваат, 36,54% се согласуваат, 8,97% не се согласуваат и 17,31% не се информирани. Поголемиот дел од учениците се изјасниле дека знаат како треба да постапат ако забележат или им се случи врсничко насилство во училиштето, односно 62,82% се изјасниле дека целосно се согласуваат, 30,13% се согласуваат, 3,85% не се согласуваат и 3,21% не се информирани. Најголем дел од учениците се изјасниле дека во училиштето се работи на решавање конфликти и спречување на насилство, односно 51,92% целосно се согласуваат, 32,70% се согласуваат, 10,90 не се согласуваат, а 4,49% не се информирани. Голем дел од учениците се согласуваат дека се води грижа за нивната безбедност, здравје и среќа во училиштето и дека кога имаат проблем на училиште, наставниот кадар и другите вработени знаат како да им помогнат. Жртвите, родителите на жртвите или сведоците на насилство се запознаени со своите права и процедурите за поднесување на поплаки, а во случај на поплака се |

| | | |
|---|---|---|
| служба<br>➢ Анализи на изостаноци и успех<br>➢ Програма за работа на ПЦК | | постапува навремено и непристрасно. |
| | **Заштита од пушење, алкохол и од дрога** | Во училиштето се организираат предавања за едукација на учениците во врска со опасноста од дрогата, консумирање на алкохол, потребата од информирање за сида како болест и мерки за заштита. Постои политика за забрана за пушење, конзумирање алкохол и дистрибуција и конзумирање наркотични супстанции, што подразбира дека во училиштето (училниците, канцелариите, тоалетите) не се пуши, не се доаѓа во алкохолизирана состојба, дистрибуира и користат наркотични супстанции. Во текот на учебната година од страна на стручната служба и во соработка со МВР, Центар за социјална работа и Здравен дом, се одржаа трибини за борба против болестите од зависностите. Поголемиот дел од наставниот кадар се сложува дека учествува во реализација на работилници со ученици за превенција од пушење, алкохол и дрога, односно 38,46% целосно се согласуваат, 38,46% се согласуваат, 23,09% не се согласуваат. Најголем број од родителите се сложни дека во училиштето се преземаат мерки за превенција и заштита од алкохол, пушење и дрога, односно 44,87% целосно се согласуваат, 29,49% се согласуваат, 11,53% не се согласуваат и 14,11% не се информирани. Поголемиот дел од учениците се согласуваат дека учествуваат во работилници за заштита од штетните влијанија на пушењето, алкохолот и наркотичните средства, односно 45,51% целосно се согласуваат, 23,72% се согласуваат, 21,16% не се согласуваат и 9,62% не се информирани. |
| | **Квалитет на достапна храна** | Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците (бели печива) и истата ја набавува од сертифицирани производители, но истата ја конзумираат само мал дел од учениците. Најголем дел од учениците купуваат храна во продавниците во непосредна близина, за која нивните родители потпишале согласност, но за истите немаме сознанија од ХЕС дека нудат квалитетна и свежо приготвена храна. Дел од родителите не се задоволни со квалитетот на храната која им е достапна на нивните деца. |
| | **Хигиена и заштита од болести** | На почетокот на секоја учебна година во училиштето се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во текот на учебната година се реализираат еколошки и работни акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња и друг отпад што може да се рециклира. Дворот на училиштето е чист од секаков вид отпадоци, има |

| | |
|---|---|
| | корпи за селектиран отпад со соодветна ознака, како и специјален контејнер за собирање на пластични шишиња. Училиштето има програма за превенција од заразни болести и сите вработени редовно вршат систематски прегледи. Создавање секојдневни хигиенски навики кај учениците е неопходен елемент за зачувување и одржување на здравјето. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат тоалетите и да ја одржуваат личната хигиена. Училиштето има изготвен план за следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците, според програмата на Центар за јавно здравје. Секоја учебна година редовно се вршат систематски прегледи на учениците и наставниците. Ваквите прегледи се организираат со цел да се констатира и регистрира здравствената состојба на учениците и нивниот психофизички развој и раст. Исто така во време на актуелни вирусни заразни заболувања, учениците се информирани за симптомите и се преземаат превентивни мерки за заштита од страна на стручни здравствени работници. Поголемиот дел од родителите се согласуваат дека хигиената во училиштето е на високо ниво, односно 39,10% целосно се согласуваат, 35,26% се согласуваат, 19,87% не се согласуваат 5,77% не се информирани. Најголем дел од учениците се согласни дека училиштето е чисто и уредно, односно 42,95% целосно се согласуваат, 32,05% се согласуваат, 25% не се согласуваат. |
| **Грижа за безбедноста на учениците и вработените** | Училиштето има изработен план за движење и евакуација. Има пропишани мерки и активности за безбедност во наставата. Училишниот простор овозможува безбедено изведување на наставата, безбеден престој на учениците и вработените за време на наставата и одморите, како во училишната зграда, така и во училишниот двор. Училиштето има поставено видео надзор во согласност со родителите. Сите потенцијално опасни места во училиштето се означени. Исто така училиштето располага со опрема за прва помош и заштита, ПП апарати, хидранти и громобранска инсталација. |
| **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** | Постојат пропишани процедури за обезбедување материјални средства за ученици кои се социјално загрозени и не се во состојба да набават работен прибор, лектири, облека, играчки. Истите овие средства се обезбедуваат преку акцијата”Даруваме радост”, која секоја година се одвива во Училиштето во соработка со Црвен Крст. |

| | |
|---|---|
| **Грижа за учениците со здравствени проблеми** | Училиштето има пропишана процедура за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од ваков третман. Училиштето соработува со родителите, локалната заедница и сите други институции за да одговори на овие потреби. Во годишната програма за работа на училиштето (програма за работа на стручни соработници, програма за грижа за здравјето) се планирани активности од ова подрачје. Во интерните дневници за работа на стручните соработници и портфолијата на учениците постојат податоци добиени од разговорите со родителите и наставниците, како и документација во врска со здравствената состојба. |
| **Грижа за социо - емоционалната добросостојба на учениците** | Училиштето вклучува помош во образованието и се грижи за подобрување на социо - емоционалната добросостојба на учениците зависно од нивните потреби. Им помага во зголемување на својата самодоверба и чувство на самовредност, подобро разбирање на своите и туѓите чувства и мисли, како и градење поквалитетни односи со другите. Поголемиот дел од родителите се согласуваат дека училиштето се грижи за добросостојбата на нивното дете, односно 49,36% целосно се согласуваат, 41,63% се согласуваат, 5,13% не се согласуваат, а 3,85% не се информирани. Најголем дел од родителите се сложни дека училиштето се грижи за емоционалната состојба на нивното дете, односно 48,72% целосно се согласуваат, 35,90% се согласуваат, 10,25% не се согласуваат и 5,13 не се информирани. |
| **Давање помош при изборот за продолжување на образованието** | Училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации за можностите за натамошно образование. За таа цел организира сопствени активности и користи промотивни материјали за образовните институции (флаери, брошури, презентации и посети на средни училишта) за професионална ориентација на учениците. Училиштето организира посети на отворени денови на средните училишта за професионална информација и ориентација. Во училиштето се прават прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците. Се водат индивидуални и групни разговори со учениците пред запишувањето во средно училиште при што се насочуваат според покажаните знаења и способности. Училиштето нуди општи информации за средните училишта. Училиштето работи на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби. Во програмите на стручните |

| | |
|---|---|
| | соработници се предвидува навремено откривање и давање советодавна помош за учениците со посебни потреби и нивните родители. Стручната служба им помага на учениците и родителите во такви ситуации или ги упатуваат до релевантни институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др.) Се јавува потреба од поголема отвореност од страна на родителите при отсликување на реалната семејна состојба во која живее ученикот, а е можен извор на емоционална несигурност или тешкотија. Најголем дел од родителите се согласуваат дека училиштето дава информации и поддршка при избор на понатамошното образование на учениците, односно 38,46% целосно се согласуваат, 43,59% се согласуваат, 6,41% не се согласуваат и 11,54% не се информирани. |

**Подрачје 3: Училишна клима и односи во училиштето**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Во ова подрачје се опфатени неколку индикатори за оценување на училишната клима и односите во училиштето. Под училишна клима се разгледани угледот/имиџот на училиштето, Кодексот на однесување, климата во училиштето и поведението и дисциплината. Во вториот дел од ова подрачје се анализирани познавањето и почитувањето на правата на децата и дали сите имаат еднаков и правичен третман. Во третиот дел е разгледуван партнерскиот однос на училиштето со родителите/старателите, со општината и урбаната заедница. Последниот дел се однесува на севкупната грижа на училиштето за учениците. Анализирани се пристапот на училиштето кон превенција и заштита на учениците од насилство, заштита од пушење, алкохол и од дрога, квалитетот на достапна храна, хигиена и заштита од болести, како и грижата за безбедноста на учениците и вработените, за учениците од социјално загрозени семејства, за учениците со здравствени проблеми, за нивната социо - емоционална добросостојба. Во овој дел е опфатено и давањето помош при изборот за продолжување на образованието. |
| **Силни страни** |
| Во училиштето се промовира и афирмира заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Училиштето организира заеднички наставни и воннаставни активности наменети за културно - етнички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.<br>Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Според анкетите, 99,36% од родителите сметаат дека нивните деца се прифатени и почитувани од наставниците. Многу висок е и процентот на родители кои одговориле дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците. Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето. Кога имаат потреба од помош, околу 94% од учениците се изјасниле дека можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник, односно дека можат слободно да бараат совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето.<br>Постојат пропишани процедури за обезбедување материјални средства за ученици кои се социјално загрозени и не се во состојба да набават работен прибор, лектири, облека, играчки. Истите овие средства се обезбедуваат преку акцијата ”Даруваме радост”, која секоја година се одвива во Училиштето во соработка со Црвен Крст. |
| **Слаби страни** |
| Впечаток е дека партнерскиот однос со родителите и деловната заедница се подобрува, но има можности за поголема партиципација на родителите во севкупната работа на ООУ Његош.<br>Училиштето работи на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби. Стручната служба им помага на учениците и родителите во такви ситуации или ги упатуваат до релевантни институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др.) Се јавува потреба од поголема отвореност од страна на родителите при отсликување на реалната семејна состојба во која живее ученикот, а е можен извор на емоционална несигурност или тешкотија.<br>Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците (бели печива) и истата ја набавува од сертифицирани производители, но истата ја конзумираат само мал дел од учениците. Најголем дел од учениците купуваат |

| |
|---|
| храна во продавниците во непосредна близина. |
| **Приоритети**<br>Да се подобри, односно поттикне соработката и вклученоста на родителите во севкупната работа на училиштето.<br>Да се работи на остварување подобра комуникација со родителите на деца со посебни образовни потреби, да бидат поотворени за реалната слика на проблемите со кои се соочуваат децата. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Индикатори за подрачјето:** |
| --- |
| **4.1 Управување и раководење со училиштето**<br>**4.2 Цели и креирање на училишната политика** |

**Координатор:**
Данијела Величковска
**Членови**:
Виолета Симоновска
Анета Ивановска
Јана Настевска
Ивана Анѓелевски
Иса Амет
Даниела Павлеска
Монтено Максимовски
Ергин Османовски

| Собирање податоци | | |
|---|---|---|
| **Индикатор 4.1 Управување и раководење со училиштето** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Закон за основно образование; Статут на училиште; Деловник за работа на Училишниот одбор ; Програма за работа на Училишниот Одбор Годишна програма за работа на училиштето; Годишна програма за работа на директорот ; Одделенски дневник Записници од одлуки и извештаи од работата на Наставничкиот совет и Училишниот одбор Записници од стручни активи; Записници од Одделенски совети; Самоевалуација и План за развој на училиштето; Записници од Совет на родители. Кодекс на однесување; Правилник за почитување на куќниот ред; Правилник за изрекување на педагошки мерки; Правилник за утврдување ученик на генерација. Програма за намалување на | **Управување со училиштето** | 4.1 Управување и раководење со училиштето<br>Управување со училиштето<br>Раководење со училиштето<br><br>Структура на раководење на училиштето се состои од :<br>- Орган на управување- Училишен одбор<br>Орган на управување во нашето училиште е Училишниот одбор, кој ја донесува визијата и стратегијата на училиштето, врши надзор и обезбедува поддршка, расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето (избор на клучен персонал, финансиски надзор, следење на квалитетот на оценување, подобрување на односите со централната и локалната власт) кои во негова надлежност се утврдени со закон, подзаконски акти и нормативните акти на училиштето. Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето.<br>УО broи 7 члена и тоа: тројца членови претставници од наставничкиот<br>совет, тројца членови претставници од Советот на родители и еден претставник од<br>Советот на општината. На седниците на УО , се поканувaат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и 2 претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.<br>Работата на УО е јасно дефинирана со деловникот за работа на УО. При што се води<br>сметка за задолжително присуство на еден претставник од структурите предвидени со Законите за основно и средно образование во УО.<br>УО има донесено план за следење на активностите за меѓуетничка интеграција во |

| | | |
|---|---|---|
| насилството во училиштето Програма за меѓуетничка интеграција Правилник за екскурзии Правилник за советување родители на учениците во ООУ,,Вера Јоциќ," Правилник за распоред на работното време на наставниците, стручните соработници и вработени кои вршат администртативнотехнички работи во училиштето Проширена програма за прифаќање на учениците пред и по наставата Правилник за прием и запишување на децата во прво одделение Регистер за учество на учениците на натпревари; Регистер на изречени педагошки мерки ; Извештаи од систематски прегледи Годишни извештаи; Записници од работата на Наставничкиот совет; Стручни предавања и други материјали од областа на здравственото воспитување | | образованието.<br>Состаноците се одржуваат и се реализираат во согласност со деловникот за работа на УО.<br>УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на<br>другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.<br>УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури.<br>УО активно учествува во креирањето политики за еколошка едукација и заштита на<br>животната средина и гради училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција во образованието |
| | **Раководење со училиштето** | Орган на раководење-менаџерски нивоа: директор, претседатели на стручни активи, одделенски/класни раководители. Директор на училиштето од 20.06.2023 година е Анета Цветкова, професор по одделенска настава и на местото - директор е со прв мандат. Во училиштето работат стручни активи и секој актив има претседател. Застапени се следниве стручни активи : актив на одделенска настава, актив на културно-хуманистичко и јазично подрачје, актив на природно–математичко и техничко подрачје. |
| | **Управување и раководење со ресурсите** | Надлежностите за управување и за административните задачи се дефинирани во Статутот на училиштето:<br>1.Орган на управување<br>2.Орган на раководење<br>-Воспитно образовната работа во училиштето се остварува на македонски јазик и неговото кирилско писмо<br>3.Стручни органи и тела<br>Со Законот за основно образование, Статутот на училиштето и Деловникот за работа јасно се дефинирани надлежностите на раководење, управување и надлежностите на административното лице (благајник). Соработката на раководниот тим со сите субјекти во училиштето за размена на идеи поврзани со наставниот процес или |

| | | |
|---|---|---|
| | | разрешување на конкретни проблеми е отворена. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето. Раководниот тим соработува преку одржување состаноци, наставнички совети, консултации со раководители на други училишта. Проблемите најчесто се решаваат на ниво на наставнички совет или со формирање на комисии кои одлучуваат. Орган на управување на училиштето е Училишниот одбор. Во него членуваат:<br>- Од наставнички совет:<br>-Од Совет на родители:<br>-Од Совет на општина Гази Баба:<br>Училишниот одбор (УО) на ООУ „Његош“ е конституиран согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Надлежностите за управување се јасно дефинирани со Деловник за работа на УО.<br>Состаноците на УО се одржуваат според Програмата за работа на УО и со присуство на мнозинство на членови на одборот. УО има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето, локалната самоуправа, МОН, БРО, Советот на родители и другите образовни структури. Состаноците се одржуваат со мнозинство на членови на одборот. Пред секој состанок на УО секој член е уредно поканет со писмена покана и известен за дневниот ред на состанокот. За да го обезбеди и поттикне присуството на состаноците одговорен е претседателот на УО и директорот.<br>За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот на училиштето. За разгледување и усвојување на Годишната програма на училиштето задолжен е Училишниот одбор. Раководен орган на училиштето е директорот кој е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето. Директорот соработува, се консултира, одговара и заеднички ги решава проблемите кои произлегуваат од работата во училиштето. Мотивираноста на наставниците за воспитнообразвоната работа ја постигнува пред се со комуникација во која има разбирање и почит на нивните размислувања. За проблемите да изнајдеме заеднички решенија и согледувања кои се во интерес на учениците и училиштето.. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Раководење со кадарот** | Инструменти за вреднување на воспитно-образовната работа на наставниците се: редовност, исполнителност, постигнувања резултати на училишни натпревари, ангажирања во стручни активи, мотивација. Највисок стручен орган на училиштето е Наставничкиот совет каде членуваат сите вработени наставници и стручни соработници. Преку него се води грижа за целокупната стручна и воспитно-образовна работа на училиштето. Редовноста од страна на наставниците е во целост исполнета. |
| | **Следење и унапредување на наставниот процес** | Работата на Наставничкиот совет се состои од:<br>-давање мислење по предлог на годишната програма за работа на училиштето;<br>-разгледување и утврдување успехот на учениците и работата на другите органи;<br>-донесување одлуки и по приговор на учениците за утврдени оценки;<br>-одредување и доделува награди на ученици;<br>-изнаоѓање форми, методи, заклучоци за подобри резултати кај учениците:<br>-изработување и усвојување проекти и планови на училиштето;<br>-разгледување и утврдува насоки дадени од страна на Министерството, Бирото за развој на образованието и од Локалната самоуправа;<br>-разгледување извештај од реализација на годишната програма за работа од самоевалуација, од извршената интегрална евалуација и предлагање соодветни мерки: давање мислење за годишниот финансиски план на училиштето;<br>-разгледување План за развој на училиштето; Програмски планирани состаноци на раководниот тим со наставниот кадар се одржуваат: Стручен актив еднаш месечно, а Одделенски и Наставнички најмалку 8 пати во годината и со нив раководи директорот на училиштето.<br>На овие состаноци се разгледува и усвојува Годишната програма, Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето, се утврдуваат задолженија на наставниците, се носи програма за организирање на ученички екскурзии, програма за стручно усовршување на наставниот кадар и други прашања 106 поврзани со наставата. |

| | | |
|---|---|---|
| | | Годишната програма е разгледана и усвоена на Наставничкиот совет и Училишниот одбор. Покрај органот на управување и раководење во училиштето има стручни органи и тела и тоа:<br>*Наставнички совет на училиштето,<br>*Одделенски совети, одделенски раководители,<br>*Совет на родители и<br>*Ученички организации<br>Консултациите со раководниот тим се одвиваат по пат на разговор, а информациите се добиваат и на состаноци, усни известувања, и известувања во писмени форма на огласната табла во училиштето.<br>Работата и активностите на Советот на родители се евидентира во записничка книга. -Раководниот орган гради политика на здрава училишна клима. Во училиштето постојат и се применуваат и следните правилници:<br>-Правилник за почитување на куќниот ред;<br>-Правилник за оценување, напредување, полагање на испити, видови на пофалби, награди и педагошки мерки;<br>-Регистер на изречени педагошки мерки на учениците;<br>-Регистер за учество научениици на натпревари;<br>-Правилник за утврдување Ученик-првенец на генарацијата.<br>-Програма за намалување на насилството во училиштето<br>-Програма за меѓуетничка интеграција во образованието<br>-Правилник за советување родители на учениците во ООУ„Његош“,<br>-Правилник за заштита од елементарни непогоди,<br>-Правилник за заштита за лични податоци,<br>-Правилник за користење на компјутерска опрема,<br>-Правилник за прием и запишување на деца во прво одделение<br>-Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и други слободни активности на учениците и според овој правилник се изготвува програма за изведување на ученички екскурзии.<br>Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат. Раководниот орган објективно ги оценува квалитетите на вработените и нивниот придонес кон тимска работа. Во креирањето на |

| | | |
|---|---|---|
| | | политиката вклучени се сите наставници, ученици и родители, но постои и отвореност за соработка со различни партнери. Со училишната политиката се информираат сите заинтересирани субјекти на Наставнички 107 совет, Одделенски совети и Стручни активи.Се реализираат и стручни предавања од областа на здраственото воспитување во соработка со Општинската организација на Црвениот крст и Здраствениот дом и стручните соработници на училиштето. Во текот на целата учебна година стручните соработници реализираат содржини кои помагаат во унапредувањето на здравјето на учениците и превентивно делуваат во заштита од болестите на зависност и заразните болести. Наставниците приправници под менторство работат првата година, а потоа полагаат стручен испит. За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата Преку министерството за образование и наука воспитно - образовниот кадар редовно користи Електронскиот дневник. Родителите се информираат преку смс пораки за постигнатиот успех на своите деца. Одговорен за годишното планирање е директорот на училиштето. Во училиштето се формирани тимови кои изготвуваат План за развој на училиштето. Планот за развој ги одразува реалните потреби на училиштето, потребите од пераменентно стручно усовршување на наставниот кадар, перманентна едукација на родителите, развивање и усовршување на системот за следење, објективно оценување на постигањата на учениците и истиот се заснова на постоечките ресурси и е поддржан од страна на вработените во училиштето |
| **Индикатор 4.2 Цели и креирање на училишната политика** | | |
| **Извори на податоци** | **Теми по индикатори** | **Информации кои се собрани** |
| Годишна програма за работа на училиштето | **Процедури за креирање на училишната** | Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми. Во креирање на Годишната програма за работа на училиштето учествуваат наставниците, стручната служба и |

| | | |
|---|---|---|
| Кодекс на однесување на учениците<br>Кодекс на однесување на наставниците Правилник за почитување на куќниот ред Правилник за надомест на штета Правилник за пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците<br>Регистер за учество на учениците на натпревари;<br>Регистер на изречени педагошки мерки Годишни извештаи Записници од работата на Наставничкиот совет | **политика** | директорот на училиштето. Се разменуваат идеи поврзани со наставата и другите активности во училиштето.<br>Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за:<br>- меѓуетничка интеграција,<br>- намалување на насилството во училиштата,<br>- намалување на семејното насилство,<br>- недискриминација,<br>- еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност,<br>- еколошко образование,<br>- грижа за здравјето и исхраната на учениците,<br>- безбеден пристап до интернет,<br>- безбедно користење на фотографиите на учениците,<br>- однесувањето и дисциплината на учениците,<br>- евакуирање во случај на опасност,<br>- следење и оценување на учениците,<br>- промовирање на постигањата на учениците,<br>- грижа за учениците од социјално загрозени семејства,<br>- реализирање на хуманитарни акции,<br>- градење на соработка со заедницата (медиуми, институции, соседи, други училишта, невладини организации...)<br>Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. Креирањето и обликувањето на политиките е евидентно од дискусиите односно записниците на Советот на родители, Училишниот одбор, Наставничките совети, Советите на одделенски и предметни наставници. Политиките се согледуваат од бројните пишани процедури, упатства, правилници и како пишани политики во форма на посебни документи<br><br>Училишната политика се креира преку долгорочно планирање од страна на раководната структура и субјектите во училиштето. Сите заинтересирани субјекти се информираат за таквата политика, наставниците преку наставнички совети, учениците преку ученичките |

| | | |
|---|---|---|
| Годишна програма за работа на училиштето Самоевалуација и развоен план Акциски планови Разговор со директор, наставници, ученици Записници од УО, Совет на родители и Наставнички совет Пописни листи Финансиски план на училиштето Записници од органите и телата Апликации на училиштето за обезбедување на средства | | заедници, а родителите преку Советот на родители и родителски средби<br>• Мисијата на нашето училиште е:<br>Позитивна клима, современа средина и професипоналниот развој на наставниците се клучна компонента за правилен раст и развој на учениците<br>• Визијата на училиштето:<br>Создаваме современа, ефикасна училишна средина, приспособена кон способностите на учениците во која се почитуваат разликите<br><br>Целите и креирањето на училишната политика се засноваат во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Целите се:стекнување трајни и применливи знаења и оспособување на учениците за доживотно учење и индивидуален развој. Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците. Училиштето има изготвено и Кодекс на однесување на наставниците, каде јасно се дефинирани обврските на сите вработени во училиштето пред се наставниците. Во училиштето постои Правилник за почитување на куќниот ред со чии одредби се утврдуваат правилата за однесувањето во училиштето и се регулира дневниот живот во училиштето. Куќниот ред во училиштето во најголем дел се почитува, а доколку се утврди прекршување на одредбите од правилникот, се изречуваат соодветни казнени мерки, постои Правилникот за надомест на штета. Во училиштето постојат и се применуваат правилници со кои се уредува и креира училишната политика, во која се вклучени сите наставници, ученици и родители, но постои отвореност за соработка. Креирањето на училишната политика се базира на постојано истражување, анализирање и откривање на сопствените потреби на училиштето како и осмислување на начинот со кој тие потреби ќе се задоволат. Со нивното учество се обезбедува богатство на идеи, поголема транспарентност и објективност во следењето на квалитетот на работата на училиштето и јасно дефинирани цели. Во училиштето се води евиденција за учество на учениците на натпревари и за изречени |

| | | |
|---|---|---|
| | | педагошки мерки. Со анализа на податоците од овие регистри се увидуваат и планираат понатамошните насоки за подобрување на работата, дисциплината и успехот на учениците. Учениците кои постигнуваат особени резултати јавно се пофалуваат и наградуваат. Врз основа на направениот увид од годишните извештаи се согледува целокупната активност на учениците и вработените во училиштето. За подобрување на истата се превземаат соодветни инструменти. За поттикнување и развој на индивидуалните способности на учениците се планираат часови за дополнителна, додатна настава, слободни ученички активности, организирани работилници и се применуваат различни наставни стратегии за задоволување на различните потреби на децата. |
| | **Резултати од развојно Планирање** | Цели на развојното планирање<br>Професионален развој/стручно усовршување на кадарот<br>Материјално-технички средства<br>Инфраструктура<br>За годишното планирање на училиштето е одговорен директорот, а му помага Комисија од редот на стручните соработници и наставници. Со планот за развој дадена е проценка на потребите на училиштето и определени се приоритетните насоки за развој на училиштето, начини за нивно остварување и носителите на активностите. Планот за развој на училиштето содржи стратешки цели, развојни и конкретни цели, како чекори за негово остварување. Целите на училиштето се во согласнот со државната и локалната образовна политика каде реално се отсликани, прецизни, соодветни според потребите училиштето. При нивно дефинирање се земени предвид ставовите на директорот, наставниците, родителите, учениците и претставници од локалната заедница. Училиштето има изготвено план за следење, спроведување и успешност на реализација на активностите. Училиштето има воспоставено систем за дисеминација на стекнатото знаење и континуирано ја следи примената на стекнатото знаење од усовршувањето. Секој наставник редовно посетува обуки организирани. |

| | | |
|---|---|---|
| | **Планирање и управување со училишниот буџет** | Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и обезбедува. Од пописната листа се согледува моменталната состојба на материјално-техничките средства на училиштето.<br>Постои финансов план на училиштето според кој однапред се планираат средства за потребите на училиштето. Потребите за реализација на успешна настава се делумно задоволени во поглед на материјално-технички средства и нагледни средства. Директорот на училиштето вложува максимум во изнаоѓање на донатори, соработува со локалната самоуправа за обезбедување на средства. Инфраструктурата на училиштето ги задоволува потребите, и континуирано се работи на обезбедување на средства за подобрување на истите. Се прават долгорочни планирања кои ќе се реализираат во одреден временски период. |

**Самоевалуација на училиштето: Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политика**

| Методи кои се користени за собирање на податоци | Одговорни за собирање информации | Собрани информации |
|---|---|---|
| Анкети со наставници - Набљудувања; -Разговор | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкети со наставници** | | Во училиштето анкетирани се **39** наставници за потребите на самоевалуацијата на училиштето.<br>Од спроведената анкета добиени се следните резултати: |
| | 4.1 Информиран/а сум за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирањето. | 53.85% од наставниците целосно се согласуваат дека се информирани за резултатите што треба да се постигнат со развојната програма на училиштето и динамиката на реализирањето, се согласуваат 38.46%, не се согласуваат 5.13%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 2.56%. |
| | 4.2 Во училиштето се практикува | 56.41% од наставниците целосно се согласуваат дека во училиштето |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуките. | има соработка помеѓу раководството, воспитно-образовниот кадар, учениците и родителите при донесувањето на одлуките, се согласуваат 41.03%, не се согласуваат 2.56%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%. |
| | | 4.3 Училиштето ми го обезбедува потребниот потрошен материја за реализација на наставните и вонанаставните активности | 46.15% од наставниците целосно се согласуваат дека училиштето им го обезбедува потребниот потрошен материја за реализација на наставните и вонанаставните активности, се согласуваат 41.03%, не се согласуваат 7.70%, воопшто не се согласуваат 2.56%, не знам/ немаат информација 2.56%. |
| | | 4.4 Учествувам во интерни и екстерни обуки согласно со моите потреби | 46.15% од наставниците целосно се согласуваат дека учествуваат во интерни и екстерни обуки согласно нивните потреби, се согласуваат 46.15%, не се согласуваат 7.70%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%. |
| | | 4.5 Директорот и стручните соработници следат најмалку два мои наставни часови во текот на едно полугоди | 74.35% од наставниците целосно се согласуваат дека во текот на едно полугодие директорот и стручните соработници следат намалку два нивни наставни часови, се согласуваат 17.95%, не се согласуваат 7.70%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%. |
| | | 4.6 За моите следени наставни часови добивам конструктивна повратна информација | 56.41% од наставниците целосно се согласуваат дека за следените часови добиваат конструктивна повратна информација, се согласуваат 43.59%, не се согласуваат 0%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%. |
| | | 4.7 Во училиштето ме потикнуваат стручно да се усовршам | 51.28% од наставниците целосно се согласуваат дека во училиштето ги потикнуваат стручно да се усовршаат, се согласуваат 38.46%, не се согласуваат 10.26%, воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 0%. |
| | | 4.8 Училиштето поддржува и оддава признанија за квалитетното | 41.03% од наставниците целосно се согласуваат дека училиштето ги поддржува и им оддава признанија за нивното квалитетното работење, |

| | | |
|---|---|---|
| | работење на наставниците | се согласуваат 30.76%, не се согласуваат 15.38%, воопшто не се согласуваат 7.70%, не знам/ немаат информација 5.13%. |
| | 4.9 Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | Наставниците одговорија дека се запознаени како се троши бутџетот на училиштето и со тоа целосно се согласуваат 25.64%, се согласуваат 33.33%, не се согласуваат 15.38%, воопшто не се согласуваат 7.70%, не знам/ немаат информација 17.95%. |
| Интервју со директор | | 1. Каква е соработката помеѓу директорот на училиштето и Училишниот одбор?<br>2. Колку ефективно според Вас, се користат ресусрсите во училиштето ( просторни капацитети, амтеријалите за работа)? Кои се предизвиците и како се надминуваат?<br>3. Со какви предизвици се справувате за обезбедување соодветен наставен кадар и стручни соработници?<br>4. На кои начини се споделуваат информации со засегнатите страни за користењето на буџетот на училиштето?<br><br>Во интервјуто со директорката на училиштето, истата истакна дека соработката меѓу неа и УО е одлична, додека ресурсите се користат максимално. На почеток на годината се планираат средства за потрошен материјал кој се употребува за непречено одвивање на наставата, по предходно направена анализа за потребите на паралелките. Најголем број од материјалите се обезбедуваат од страна на училиштето. И родителите се вклучени преку обезбедување на материјали преку донации. Во однос на обезбедувањето на соодветен наставен кадар и стручни соработници се формира комисија за избор на наставен кадар кој е пријавен на конкурсот. Се дава предлог до директор. Буџетот се планира на почетокот на наставната година. Се врши транспарентна анализа на потребите на училиштето. Директорот транспарентно ги известува вработените, УО и општината во врска за направеното и сработеното во тековната година. |

| | | |
|---|---|---|
| Интервју со стручен соработник - педагог | | 1. Како се одвива процесот на градење политики, плаинрање и обезбедување квалитет во училиштето?<br>а) Кој учествува во развојното планирање? (наставници, родители, ученици, локална заедница)<br>б) Каква е соработката помеѓу различните чинители?<br>2. Како е организиран процесот на професионалниот развој на кадарот? Како се спроведува кариерното напредување?<br>3. Дали училиштето има воспоставени механизми за пофалување/наградување на наставниците кои дополнително се ангажираат преку професионален развој, внесување иновации во работата, постигнување резултати со учениците? Ако да, кои се механизмите?<br>4. Како се одвива процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата?<br>• Кој следи?<br>• Честота на следење<br>• Процес на давање на повратна информација<br>• Усогласување на планирањето /наставата со дадените програми<br>5. На кој начини се споделуваат информации со засегнатоте страни за резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма?<br><br>Во интервјуто со стручен соработник, училишниот педагог истакна дека развојната програма се изработува од страна на тим кој го сочинуваат директор, психолог, педагог и 3 одделенски наставници, 3 предметни наставници и 2 родители, а меѓу нив има коректна соработка.<br>Во однос на процесот на професионален развој и кариерното напредување, секој наставник изработува личен професионален план за личен професионален развој. Се бираат обуки од каталогот за акредитирани обуки организирани од БРО, а кариерното напредување се спроведува согласно законот за основно |

| | | |
|---|---|---|
| | | образование.<br>Што се однесува до механизмите за пофалување/наградување на наставниците училиштето има правилник за доделување на признанија на вработените и правилник за утврдување на дисциплинска одговорност на наставниците и вработените заради непочитување на етички кодекси.<br>Признанијата се доделуваат во вид на:<br>• Пофалница<br>• Благодарница<br>• Слободен ден;<br>• парична награда<br>Во однос на процесот на следење на квалитетот на реализација на наставата, истата ја следат директор и стручна служба барем еднаш во секој квалификационен период. За време на посетата часот и се изготвува записник за секој квалификационен период за следените часови, додека наставниците врз основа на препораките ги усогласуваат планирањата во наставата и доколку има потреба прават промени.<br>Инаку информациите со засегнатите страни за резултатите кои треба да се постигнат со развојната програма се споделуваат на заеднички состаноци. |
| Анкета со родители<br>-Набљудувања;<br>-Разговор | | : |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета со родители** | | Во училиштето анкетирани се **156** родители за потребите на самоевалуацијата на училиштето.<br>Од спроведената анкета добиени се следните резултати: |
| | 4.1 Училиштето ме поттикнува активно да се вклучам во различните активности во училиштето | Родителите одговорија дека активно се вклучени во различните активности во училиштето и со тоа целосно се согласуваат 37.82% се согласуваат 35,90%, не се согласуваат 8.97%, воопшто не се согласуваат 7.69%, не знам/ немаат информација 9.62%. |
| | 4.2 Информиран/а сум од страна на претставникот од Совет на | Родителите се информирани од страна на претставникот на Советот на родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период и со |

| | | |
|---|---|---|
| | родители за резултатите кои треба да се постигнат во следниот период | тоа целосно се согласуваат 39.10%, се согласуваат 25%, не се согласуваат 10.90%, воопшто не се согласуваат 6.41%, не знам/ немаат информација 18.59%. |
| | 4.3 Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки | Училишниот одбор транспарентно ги објавува сите донесени одлуки и на тоа целосно се согласуваат 41.67% од родителите, се согласуваат 19.23%, не се согласуваат 16.02%, воопшто не се согласуваат 7.05%, не знам/ немаат информација 16.03%. |
| | 4.4 Училишната библиотека е достапна за сите ученици | 41.67% од родителите целосно се согласуваат дека училишната библиотека е достапна за сите ученици, се согласуваат 65.26%, не се согласуваат 14.10%, воопшто не се согласуваат 3.20%, не знам/ немаат информација 5.77%. |
| | 4.5 Наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен | 46.79% од родителите целосно се согласуваат дека наставниот кадар во училиштето е квалитетен и компетентен, се согласуваат 28.46%, не се согласуваат 8.33%, воопшто не се согласуваат 1.92%, не знам/ немаат информација 4.50%. |
| | 4.6 Запознаен/а сум како се троши буџетот на училиштето | На прашањето како се троши буџетот на училиштето целосно се согласуваат 25.64%, се согласуваат 12.18%, не се согласуваат 12.82%, воопшто не се согласуваат 12.82%, не знам/ немаат информација 36.54%. |

| | | |
|---|---|---|
| Анкета со ученици<br>-Набљудувања;<br>-Разговор | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Анкета со ученици** | | Во училиштето анкетирани се **156** ученици за потребите на самоевалуацијата на училиштето.<br>Од спроведената анкета добиени се следните резултати: |
| | 4.1 Информиран/а сум кои активности ги планира училиштето за следниот период | Учениците одговорија дека се информирани кои активности ги планира училиштето за следниот период и со тоа целосно се согласуваат 38.46%, се согласуваат 35.26%, не се согласуваат 16.03%, воопшто не се согласуваат 3.20%, не знам/ немаат информација 7.05%. |
| | 4.2 Можам да земам книга/лектира од училишната | 60.26% од учениците целосно се согласуваат дека можат да земат книга/лектира од училиќнаѕа библиотека во секое време, се согласуваат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | библиотека/медијатека во секое време. | 32.05%, не се согласуваат 5.13%,воопшто не се согласуваат 0%, не знам/ немаат информација 2.56%. |
| | | 4.3 Библиотеката/медијатеката е место каде можам да читам и учам во пријатна атмосфера | 38.46% од учениците целосно се согласуваат дека библиотеката/медијатеката е место каде можат да читаат и учат во пријатна атмосфера, се согласуваат 32.05%, не се согласуваат 17.31%, воопшто не се согласуваат 5.77%, не знам/ немаат информација 6.41%. |

**Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики**

| **Опис/резиме на подрачјето** |
|---|
| Анализа на резултатите: Училиштето располага со доволен број на просторни капацитети. Редовно се врши одржување на училниците и санитарните јазли, како и хортикултурно уредување на училишниот двор. Училиштето е опремено со современи аудио визуелни средства и помагала, а училниците со современа технологија (LCD проектор, смарт табли). Училишната библиотека располага со книжен фонд, кој ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Органот на управување (Училишниот одбор) е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето. Работата на Училишниот одбор (во понатамошниот текст УО) е јасно дефинирана со Деловникот за работа на УО. Состаноците се одржуваат и реализират во согласност со деловникот за работа на УО. УО им обезбедува редовни, детални и сеопфатни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган. Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка и секогаш е достапен за помош, совет и давање информации за сите субјекти. Донесува одговорни одлуки. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација. Воспоставува партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува. Учениците информациите ги добиваат преку одделенскиот раководител или известување. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на |

| |
|---|
| поставените индикатори за успешност. Училиштето навремено ги идентификува потребите од материјално-технички средства и континуирано ги планира и ги обезбедува. Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат. Училиштето планира и обезбедува средства за нивно континуирано одржување. Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата. Од извршената анализа на работењето на училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа, обезбедувајќи средства според потребите, презема активности за одржување, подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето. |
| **Силни страни**<br>• Во структурата на управување и раководење во училиштето има правична родова и етничка застапеност.<br>• Членовите на раководниот тим и училишниот одбор, се избираат јавно и демократски.<br>• Директорот има добра стратегија и јасна визија, што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во дејноста на училиштето.<br>• Директорот објективно го оценува квалитетот на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика која што веќе постои во училиштето.<br>• Директорот поттикнува тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет во работата на училиштето.<br>• Директорот има добра комуникација и соработка со раководниот тим и управниот одбор<br>• Директорот и раководните тимови воспоставуваат продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.<br>• Директорот и раководниот тим навремено и ефикасно известуваат и ги извршуваат сите деловни измени, потреби, состаноци и друго.<br>• Раководниот тим има непречена и навремена комуникација со сите субјекти во училиштето (со наставници и со ученици).<br>• Раководниот тим ги задоволува очекувањата, потребите и барањата на наставниците<br>• Училиштето има поставено прецизни и јасни цели, кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и овозможува професионален развој на вработените, објективно се оценува квалитетот на вработените, се вреднува нивниот придонес во тимската работа и се промовира добрата практика што постои во училиштето<br>• Сите субјекти (родители, вработени, ученици), активно учествуваат во креирање, подобрување и реализација на целите, начелата и вредностите на училиштето.<br>• Училиштето има добра стратегија и јасна визија, што поттикнува квалитетно и успешно постигнување на целите на |

| |
|---|
| сите вклучени страни во работата на училиштето<br>• Училиштето се фокусира на приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на работата на училиштето. |
| **Слаби страни**<br>• Недоволна соработка со деловната заедница и поголемо учество на бизнис секторот во обезбедување на средства за унапредување на образовниот процес<br>• Отсуство на обуки за членовите на училишниот одбор. |
| **Приоритети**<br>• Зголемување на соработка на УО со другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес и обезбедува редовни сеопфатни информации за својата работа<br>• Остварување контакт со правни субјекти од бизнис секторот за добивање донации за потребите на училиштето. |

,

## 1.Определување на јаки, слаби страни на училиштето

| Јаки страни |
| --- |
| **1. Планирање, настава и учење** |
| • Ангажираноста на наставниците за подготовка и вклучување на учениците во поголем број на натпревари планирани и реализирани во училиште, на општинско , регионално и државно ниво, секако за тоа доказ претставуваат освоените места или награди на учениците.<br>• Желбата на учениците да стекнат повеќе знаења, умеења и навики за да учествуваат на натпреварите , воедно и позитивна страна е дружењето меѓу учениците -учесници на натпреварите , од различни училишта.<br>• Јакнење на истражувачкиот дух на учениците при реализирање на излети, екскурзии, настава во природа, поврзување на стекнатото теоретско знаење со богатството на убавини од нашата татковина, културно историски споменици,манастирски комплекси, архитектурата,нашите реки и природни котлински езера и друго**.**<br>• Училиштето е мултиетничко и мултикултурно и во него се обезбедува еднаквост на сите ученици.<br>• За поефикасно решавање на проблемите со учењето на учениците се водат индивидуални разговори со родителите.<br>• Родителите добиваат и пишани документи: евидентни листови, свидетелства со информации и детали за напредокот на нивното дете во воспитно - образовниот процес.<br>• Наставниците водат грижа за образовните потреби на секој ученик преку организирање и реализирање дополнителна настава, додатна настава, преку темелно објаснување на материјалот.<br>• НПП во целост се реализираат во пропишаниот обем.<br>• Училиштето им дава поддршка на наставниците за поуспешно подготвување и осовременување на НПП.<br>• Наставниците редовно изготвуваат годишни, тематски и дневни планирања за реализацијата на сите видови настава.<br>• Во планирањата се дефинираат цели и исходи.<br>• Наставниот кадар во соработка со стручната служба ги адаптира наставните планови кон потребите на учениците.<br>• Наставниот кадар врши адаптација на наставниот материјал кон карактеристиките на локалната заедница.<br>• Во училиштето се реализира изборна настава при што се понудени повеќе од три предмети.<br>• Учениците имаат можност да изберат воннаставна активност без влијание на успехот, полот или етничка припадност. |

| 2.Постигања на учениците |
|---|
| • Училиштето има систем за идентификување и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, надарените ученици како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.<br>• Наставниците обезбедуваат поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, како и индивидуализирана настава.<br>• Училиштето превзема активности за унапредување на добростојбата на учениците и напредување согласно воспитно- образовните цели и очекуваните резултати пропишани во наставните програми |
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** |
| • Во училиштето се промовира и афирмира заедништво, слога, соработка, почит, полова еднаквост. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната и верската разноликост во училиштето и заедницата. Училиштето организира заеднички наставни и вонннаставни активности наменети за културно - етнички мешани групи и ги користи сите други можни стратегии за да обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.<br>• Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Според анкетите, 99,36% од родителите сметаат дека нивните деца се прифатени и почитувани од наставниците. Многу висок е и процентот на родители кои одговориле дека нивното дете е прифатено и почитувано од соучениците.<br>• Учениците се чувствуваат безбедно во училиштето. Кога имаат потреба од помош, околу 94% од учениците се изјасниле дека можат да се обратат на раководителот на паралелката или на друг наставник, односно дека можат слободно да бараат совет и поддршка од педагогот и психологот во училиштето.<br>• Постојат пропишани процедури за обезбедување материјални средства за ученици кои се социјално загрозени и не се во состојба да набават работен прибор, лектири, облека, играчки. Истите овие средства се обезбедуваат преку акцијата ”Даруваме радост”, која секоја година се одвива во Училиштето во соработка со Црвен Крст. |
| **4. Управување, раководење и креирање политики** |
| • Во структурата на управување и раководење во училиштето има правична родова и етничка застапеност. |

- Членовите на раководниот тим и училишниот одбор, се избираат јавно и демократски.
- Директорот има добра стратегија и јасна визија, што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во дејноста на училиштето.
- Директорот објективно го оценува квалитетот на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика која што веќе постои во училиштето.
- Директорот поттикнува тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет во работата на училиштето.
- Директорот има добра комуникација и соработка со раководниот тим и управниот одбор
- Директорот и раководните тимови воспоставуваат продуктивни партнерства во непосредната и пошироката заедница.
- Директорот и раководниот тим навремено и ефикасно известуваат и ги извршуваат сите деловни измени, потреби, состаноци и друго.
- Раководниот тим има непречена и навремена комуникација со сите субјекти во училиштето (со наставници и со ученици).
- Раководниот тим ги задоволува очекувањата, потребите и барањата на наставниците
- Училиштето има поставено прецизни и јасни цели, кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и овозможува професионален развој на вработените, објективно се оценува квалитетот на вработените, се вреднува нивниот придонес во тимската работа и се промовира добрата практика што постои во училиштето
- Сите субјекти (родители, вработени, ученици), активно учествуваат во креирање, подобрување и реализација на целите, начелата и вредностите на училиштето.
- Училиштето има добра стратегија и јасна визија, што поттикнува квалитетно и успешно постигнување на целите на сите вклучени страни во работата на училиштето
- Училиштето се фокусира на приоритети воочени во развојниот план/програма преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на работата на училиштето

| Слаби страни |
| --- |
| **1. Планирање, настава и учење** |
| • Воспитно образовниот кадар континуирано посетува обуки за професионален развој, но  не се врши дисеминација на посетените обуки.<br>• Потребна е поголема ангажираност на наставниците во работа со надарените ученици и  ангажирање на повеќе  образовни асистенти за работа со ученици со посебни образовни потреби |
| **2.Постигања  на учениците** |
| • Расте бројот на ученици со потешкотии и посебни образовни потреби, а одредени ученици со потешкотии во учењето немаат наод и мислење од соодветни здравствени установи.<br>• Некои родители одбиваат да ги прифатат насоките дадени од стручната служба и наставниците со што се усложнува целиот образовен процес.<br>• Поголем број од родителите кои се поканети на советување не го почитуваат закажаниот термин<br>• Нередовност на учениците од ромска етничка припадност во споредба со останатите ученици. |
| **3. Училишна клима и односи во училиштето** |
| • Впечаток е дека партнерскиот однос со родителите и деловната заедница се подобрува, но има можности за поголема партиципација на родителите во севкупната работа на ООУ Његош.<br>• Училиштето работи на професионална ориентација за децата со посебни образовни потреби. Стручната служба им помага на учениците и родителите во такви ситуации или ги упатуваат до релевантни институции (здравствени установи, центар за социјална работа, полиција и др.) Се јавува потреба од поголема отвореност од страна на родителите при отсликување на реалната семејна состојба во која живее ученикот, а е можен извор на емоционална несигурност или тешкотија.<br>• Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им ја нуди на учениците (бели печива) и истата ја набавува од сертифицирани производители, но истата ја конзумираат само мал дел од учениците. Најголем дел од учениците купуваат храна во продавниците во непосредна близина. |
| **4. Управување, раководење и креирање политики** |
| • Недоволна соработка со деловната заедница и поголемо учество на бизнис секторот во обезбедување на средства за унапредување на образовниот процес<br>• Отсуство на обука за членовите на училишниот одбор |

## 1. Определување на приоритети за работа на училиштето

Во периодот март/јуни 2024 година, направена е самоевалуација на ООУ „Његош“- Јурумлери. Самоевалуацијата е спроведена со повеќе методи: опсервација, анализа, анкета, обработка на податоци, споредување, статистичка обработка, увиди, фото/видео документација. При обработката на податоците степенот на успешност е проценуван според прирачниикот „Индикатори за квалитетот на работата на училиштето“. Користени се хоризонтален пристап на евалуација и вертикална евалуација. За хоризонталната евалуација користени се рефлексии од часови, наставнички портфолија, записници од состаноци на стручни органи и тела, анализи на воспитно-образовни прашања во училиштето. За вертикалната евалуација користени се увиди во документација, записници, наоди од инспекциски надзор, ревизии, анализи, акциски планови, Програма за развој на училиштето. Анализирана е работата на училиштето во периодот 2022-2024 година и реализираноста на приоритетните цели од Програмата за развој на училиштето.

Констатирано е дека ООУ „Његош“-Јурумлери ги реализира целите предвидени во Програмата за развој на училиштето за периодот 2022/2023-2025/2026 година.

Самоевалуацијата на училиштето отпочна со формирање на комисија за самоевалуација и тимови по подрачја. Во тимовите беа вклучени сите наставници. Самоевалуацијата течеше по следниот редослед:

1. Формулирање на критериуми и индикатори, како и изработка на инструменти на успешност по подрачја на евалуација, за да се добијат реални и веродостојни податоци за квалитетот на работата на училиштето;
2. Анализа на расположливите документи со кои е претставено работењето на училиштето во периодот 2022-2024 година,
3. Споредбена анализа на резултатите со целите поставени во Програмата за развој на училиштето,
4. Утврдување на јаките и слабите страни на училиштето кои произлегуваат од внатрешните фактори,

Во претходниот текст се наведени сознанијата од самоевалуацијата на училиштето за подрачјата за кои е вршена самоевалуација.Констатирано е дека ООУ „Његош“- Јурумлери има остварено подобрување на условите за работа и унапредување на воспитно- образовната работа, како и во развојот на стручните компетенции на наставниците и стручните соработници. Училишната клима е добра и се базира на тимска работа и добри меѓуетнички односи. Постојат можности за поголема соработка со родителите и локалната заедница.

**Идни активности- ПРИОРИТЕТНИ ПОДРАЧЈА:**

1. Стручно усовршување на наставниот кадар за поквалитетна реализација на наставните планови и програми
2. Едукација на стручната служба и наставниците за работа со родители.
3. Поголемо учество на бизнис секторот, локална самоуправа и родители во обезбедување на средства за унапредување на образовниот процес

**Комисија за самоевалуација**

1. Анета Цветкова, Директор
2. Александра Донева, психолог
3. Ивана Петровска, педагог
4. Марија Стојановска, одделенски наставник
5. Маја Кочиева- Родител

Директор

___________________________

Анета Цветкова